MACEDONIA
# Македонија
NEWSPAPER

October 09, 2024 ■ Volume 41, Issue 10 (470) ■ Free www.macedonianewspaper.com



Македонија

Е месечен весник, гласило на Македонците во Северна Америка.
Излегува во првата седмица од месецот.
Првиот број на “Македонија“ излезе на први ноември 1984 година и оттогаш весникот излегува редовно, секој месец уредуван од Танас Јовановски за-



клучно со октомври 2013-та година од кога истиот е под уредништво на Соња Лозановска.
Почитувани читатели и соработници:
Вашите написи, коментари, огласи, реклами, соопштенија и друго треба да пристигнат во Редакцијата најдоцна до 1-от ден во месецот, за да бидат објавени во бројот за тој месец.
ЗАБЕЛЕШКА: коментарите објавени на страниците на овој весник со потпис на авторите или изворот на информацијата се мислења на истите и не секогаш го одразуваат ставот на Редакцијата.
Редакцијата на “Македонија“ е одговорна само за текстовите без потпис.
Материјалите испратени на адреса на овој весник стануваат негова сопственост, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.
Помогнете го весникот Македонија, помагајќи го ја помагате македонската заедница, македонскиот збор, македонската вистина..



*Со почит,*
*Соња Лозановска*
*главен и одговорен уредник.*

*Технично уредување и дизајн Соња Лозановска*

Our address:
Macedonia
1840 Bloor Street, Suite 711
Mississauga, ON
L4X 1T2
Tel. :416-827-0954
macedonia.canada@yahoo.com
Published by
901039 Ontario Limited

**Месечен весник на Македонците во Канада.**
**Првиот број беше објавен на 1-ви ноември 1984 година.**

## Почитувани читатели,

**Продолжувањето на нашата мисија во зачувување на македонската култура, јазик, идентитет и традиции е невозможно без Вашата поддршка и помош.**
**Затоа, Ве покануваме да го помогнете и да се претплатите на весникот Македонија.**
**Истиот ќе биде доставен во првата седмица од месецот до Вашиот дом или работно место.**
**Ви благодариме.**

**The Macedonian Orthodox Cathedral "St. Clement of Ohrid"**
76 Overlea Blvd. - Toronto, Ontario - M4H 1C5

**St Ilija Macedonian Orthodox Church**
1775 Bristol Rd W, Mississauga, ON

**St. Dimitrija Solunski Macedonian Orthodox Church**
201 Main St N, Markham, ON

**St Nedela Macedonian Orthodox Church**
485 Bayly St W, Ajax, ON L1S 6M7

**St. Nicholas Macedonian Orthodox Church**
5225 Howard Ave, Windsor, ON N9A 6Z6

**St. Naum of Ohrid Macedonian Orthodox Church**
1150 Stone Church Rd E, Hamilton, ON L8W

**CANADIAN MACEDONIAN PLACE**
850 O'Connor Drive, Toronto, Ontario, Canada M4B 3L6

**Stari Grad**
3862 Bloor St W, Toronto, ON M9B 1K9
starigrad.ca

**Markland Wood Pharmacy**
4335 Bloor St W, Etobicoke, ON M9C 2A5

**Old Mill Pastry Mississauga**
385 The West Mall, Etobicoke, ON M9C 1E7

**Pastries Delicatessen**
290 The West Mall, Etobicoke, ON M9C 1C6

**Sarajevo Grill & Meat**
225 The East Mall, Etobicoke, ON M9B 6J1

**Royal Meats**
3635 Cawthra Rd, Mississauga, ON L5A 2Y5

**Mrakovic Meat & Deli**
44 Wellesworth Dr, Etobicoke, ON M9C 4R1

## Голема благодарност до нашите соработници:

Танас Јовановски
- поранешен уредник на весникот „Македонија”, колумнист
Отец Александар Тодоровски соработник за верата
Никола Петковски - креатор на крстозборот за весникот Македонија
Зоран Андоновски – соработник

Снежана Тешовиќ-македонско неделно училиште-Свети Климент Охридски

Ташко Кубановски - за рубриката „Афоризми”(Постхумно, архивирани необјавени материјали)
Зоран Карапанчев - фотограф, соработник
Боне Темелков - СМК-Канада

Специјални Дописници:
За Македонците од Албанија известува Никола Ѓурѓај
Горнан Јовановски-колумнист

Од Пиринска Македонија за весникот Македонија: Стојко Стојков
Блага Дафовска во рубриката „Поезија со повод„
Славе Катин - соработник публицист
Колумнисти:
Горнан Јовановски
Диме Костов
Каролина Ристеска- „Направи сам„

Су Иствуд- страница за македонски кулинарски специјалитети

Александра Петковска - соработничка од Македонската Заедница во Канада

Contact: 416-827-0954
E-mail macedonia.canada@yahoo.com
http://www.macedonianewspaper.com/

Macedonia
1840 Bloor st. Suite 711
Mississauga, On.
L4X 1T2 Canada


MOKRENI BRASS BAND
CHALKINA ICHOCHROMATA
FROM MOKRENI, LERINSKO
Two Dances To Kick Up Your Heels!
FRIDAY
NOVEMBER 15TH
ST. NAUM EVENT
The Parish Hall
at St. Naum
1150 Stone Church Rd. E.
HAMILTON
Doors open 7 pm
$25 per person
Contact: Chris Klashoff chrisklashoff@royallepage.ca
SATURDAY
NOVEMBER 16TH
LERINSKO ORO 30TH ANNIV.
St. Clement of Ohrid
76 Overlea Blvd,
Toronto
Doors open 6:30 pm
$30 per person
Contact: Mary Outow m_outow@hotmail.com
Youth 16 & under FREE
Cash Bar & Food Available




ADDRESS:
485 BAYLY ST W,
AJAX, ON L1S 6M7

PHONE:
(905) 426-5355

**Celebrating 50 Years: The Nativity of the Virgin Mary Patron Day Anniversary – 2024**

## ДЕЛЕГАЦИЈА НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА СВЕТА НЕДЕЛА ОД ЕЈЏАКС ПРИСУСТВУВАШЕ НА ПРОСЛАВАТА НА 50 ГОДИШНИОТ ЈУБИЛЕЈ НА ЦРКВАТА РАЃАЊЕ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА ВО ДЕТРОИТ

Повеќечлена делегација од македонската православна црква Света Недела од Ејџакс на 22 септември беше гостин на сестринската, пријателска црква Раѓање на Пресвета Богородица од Стерлин Хајтс, Детроит. Покрај претседателот Славе Бунтески, неговата сопруга Зора, присуствуваа и свештеникот Александар Зашов, потпретседателот Славе Темелковски со неговата сопруга Олга, координаторот за културни настани Маја Димитриевска со нејзиното семејство и други членови.Особено беше срдечна средбата со старешината на црквата отец Синиша Ристовски со кого пријателството и соработката трае со години. Средба беше остварена и со познатиот македонски фудбалер со светска слава Бошко Ѓуровски кој отпочна своето умеење да го пренесува и на младите Македончиња. Отец Зашов непосредно беше вклучен во богослужбите по повод големиот јубилеј 50 години за црквата Раѓање на Пресвета Богородица, на кои присуствуваа бројни верници од Америка и Канада. Инаку проектот со иконите во Света Недела е завршен и се работи на поставување втора заштитна влезна врата, изјави за весникот ,,Македонија,, претседателот Славе Бунтески.












**LADIES AUXILLIARY FROM ST.NEDELA, AJAX**

**FALL BAKE SALE AND BAZAR**
**SUNDAY, NOVEMBER 17**

**ЕСЕНСКИ БАЗАР 17-ТИ НОЕМВРИ**

Почитувани , Ве известуваме дека Есенскиот Базар во организација на женската секција од црквата Света Недела од Ејџакс ќе се одржи на 17-ти ноември по богослужбата.Претседателката Милица Попоска ве поканува да дојдете на традиционалниот Базар во просториите на македонската православна црква Недела, кој е еден од најпопуларните во нашата македонска заедница. Дојдете и купете си од богатиот избор на месени македонски специјалитети и други работи предходно дарувани за празниците и со тоа ќе ја помогнете нашата македонска црква Св.Недела

**ПОВЕЛЕТЕ, СИТЕ СТЕ ДОБРОДОЈДЕНИ.**




**На 28 август, 2024 година во просториите на црквата Света Недела на парохискиот свештеник отец Александар Зашов му беше врачен вреден крст во чест на 10 годишнината од неговото слугување на Бога. Управата на црквата со претседателот Славе Бунтески му честита и благодари за неговата мисија во црквата Света Недела.**



## ПЕНЗИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ,,CANADIAN MACEDONIAN SENIORS,, ОД ЦРКВАТА СВЕТА НЕДЕЛА ОД ЕЈЏАКС ВО ПОСЕТА НА СВ. МАЛА БОГОРОДИЦА ВО КЕМБРИЏ

Пензионерското друштво од црквата Света Недела предводено од заменик секретарот Марија Ангелеска оствари посета на сестринската црква Св. Мала Богородица од градот Кенбриџ. Оваа посета беше во чест на патрониот ден на црквата која годинава прославува 30 години од купувањето на црковните простории.
При тоа присуствуваа на богослужбата како и ручекот подготвен од страна на домаќините, при што имаа срдечни средби со претседателката Бранкица Матеска, отец Гоце Деспотовски и претседателката на женската секција Живка Змејковска.



# 50-ТИ ЈУБИЛЕЕН ЦРКОВНО-НАРОДЕН СОБИР НА АМЕРИКАНСКО-КАНАДСКАТА МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЕПАРХИЈА ВО МПЦ „СВ. ПЕТАР И ПАВЛЕ“ – КРАУН ПОИНТ, ИНДИЈАНА

Предизвикот беше голем, но уште поголема честа, нашата црква да биде домаќин на 50-иот јубилеен Црковно-народен собир на Американско-канадската македонска православна епархија и да ги организира свеченостите по повод одбележувањето на оваа голема пресвртница во животот на македонскиот православен народ во Северна Америка. Беше празник за очите и милина за срцето да се види многубројниот македонски народ на едно место, како го сведочи своето единство и споделува радост со своите сонародници кои надојдоа од сите краишта на северноамериканскиот континент, не само од американскиот Среден запад и Канада, туку и од Њу Џерси, Флорида, па и подалечниот Лос Анџелес.

Собирските манифестации се одржаа за време на викендот на празникот на Трудот, од петок (30 август 2024 г.) до недела (1 септември 2024 г.), според традиционалниот распоред. Викендот започна со петочната забава, која беше многу посетена, особено од нашата помлада генерација. Во сабота наутро се одржа редовниот работен состанок на Епархиското собрание, на кој се избра новата црква-домаќин за следната 2025 година – МПЦ „Св. Кирил и Методиј“ во Сидер Гроу, Њу Џерси. Денот продолжи со пикник, кој нудеше богат избор на храна, скара и печено месо, како и многу различни македонски специјалитети од тестенини и десерти, подготвени од локалните вешти домаќинки. Додека повозрасните го следеа фудбалскиот турнир меѓу повеќето екипи од наши цркви, уживаа во вкусната храна и македонската музика, детската игра и џагор ја исполнуваше атмосферата со надеж и увереност во успехот на иднината на македонскиот народ во американско-канадската дијаспора. Целиот настан наликуваше на вистински фестивал на македонската храна и култура.

За време на вечерната црковна богослужба, Митрополитот Методиј, заедно со нашите свештеници, ги освети новите златни свештенички одежди за сите свештенослужители во епархијата, коишто го одразуваа златниот јубилеј на Црковно-народниот собир. По богослужбата, следеше традиционалната смотра на многуте фолклорни групи од повеќе наши македонски цркви, со стотици млади играорци и изведби на убави македонски ора од различни краеви на нашата татковина. Црковната сала и надворешниот пикник простор беа преполни за игранката и прославата со македонски песни и ора, од страна на разиграните Македонци и Македонки, кои го вееја македонското знаме со гордост и веселба.

Неделното утро започна со Светата Архиерејска Литургија, возглавена од нашиот надлежен Архиереј, г. Методиј, со сите свештеници од нашата епархија, со молитвено учество на верниот македонски народ од сите цркви. Фудбалското финале го даде победникот на турнирот – екипата од Св. Петар и Павле, која за првпат го прими победничкиот трофеј, кој од оваа година ќе се пренесува на сите победнички екипи. Конечно, викендот беше овенчан со вообичаениот гала банкет, чијашто програма се осврна на историските денови кога се родила Американско-канадската македонска православна епархија и нејзината Конвенција. За време на банкетот, претседателот на црквата-домаќин, г. Благоја Крстевски, му го предаде патувачкиот собирски трофеј на претседателот на идната црква-домаќин во Њу Џерси, г. Тони Коцевски.

Им благодариме на сите гости и учесници во Собирот, честитајќи им го 50-годишниот јубилеј, со желба следните 50 години да бидат уште поуспешни! Им честитаме и на новите собирски домаќини од Њу Џерси, посакувајќи им многу успех во организирањето на следната Конвенција!

Се надеваме дека нашите гости и посетители се чувствуваа добредојдено, си поминаа прекрасно и со себе понесоа незаборавни спомени.

**По благословот на Бога, нека ни се множат јубилеите!**









**отец Георгиј Глигоров парохиски свештеник при МПЦ „Св. Петар и Павле“ во Краун Поинт, Индијана**

## ИСТОРИЈА НА ЦРКОВНО-НАРОДНИОТ СОБИР НА АКМПЕ

Со организирањето на црковниот живот на американскиот континент, визијата на нашите татковци станала реалност. Сонот станал реалност и реалноста ги водела Македонците да се обединат по заминувањето од татковината, нешто што создало долгогодишни пријателства меѓу Македонците во Соединетите Држави и Канада, па дури и да се создадат нови семејства. Но, најважната причина била и сѐ уште останува да биде – обединувањето на сите Македонци еднаш годишно, за да ја почитуваат својата вера, наследство, култура, националност и традиција. Никогаш да не заборавиме кои сме, од каде сме дошле, и кому припаѓаме, пренесувајќи ги најважните нешта на помладите генерации, за тие секогаш да имаат можност да се остваруваат себеси како горди Македонци.

Со создавањето на други македонски православни цркви низ Соединетите Држави и Канада, следниот чекор било соработката со Мајката Црква и Светиот Синод овие цркви да бидат соединети и да се создаде епархија. Епархијата за првпат била основана во 1967 година кога Владиката Кирил бил поставен за Митрополит Американско-канадски и австралиски. Под негово водство, се избрал Извршен совет и конечно епархијата била создадена.

Првиот официјален состанок на епархијата се одржал на 30 октомври 1971 година во Виндзор, Канада. Овој состанок се одржал по предлог на сестринската црква „Св. Климент Охридски“ во Торонто, под претседателство на господин Симе Гаговски, каде се потенцирала важноста од вакви состаноци кои ќе помогнат да се основат нови цркви. На 19-ти и 20-ти мај 1975 година, на редовниот состанок на делегатите во Колумбус, Охајо, се предложила нова идеја која била прифатена со отворени раце. Имено, делегацијата од МПЦ „Св. Петар и Павле“ од Гери, Индијана, предводена од претседателот Петар Ночевич, заедно со парохискиот свештеник протоереј Борис Поповски, ја дала идејата за организирање на Црковно-народен собир. Идејата била прифатена со задоволство и едногласно одобрена. Учесниците на овој состанок биле 31 и претставувале 8 цркви: Св. Петар и Павле од Гери, Индијана; Св. Климент Охридски од Торонто, Канада; Св. Богородица – Колумбус, Охајо; Св. Георгиј – Сиракуз, Њујорк; Св. Кирил и Методиј – Бафало, Њујорк; Св. Димитрија – Рочестер, Њујорк; Св. Кирил и Методиј – Пасеик, Њу Џерси и Св. Никола – Виндзор, Канада.

Овие цркви одредиле да се одржува Црковен Собир, два дена за викенд за време на празникот на Трудот, со тројца претставници од секоја црква: парохискиот свештеник, претседателот на одборот и избран делегат. Оваа одлука била благословена од владиката Кирил, а прва црква домаќин на Македонската конвенција станала црквата Св. Климент Охридски од Торонто, во 1975 година, кога претседател на Управниот одбор бил покојниот Крис Димоф. Собирот бил многу успешен, а радоста уште поголема, додека нашинците се восхитувале на младите играорци, навивале за фудбалските екипи, и особено славејќи заедно со македонски песни и ора.

Нашата Американско-канадска епархија официјално е регистрирана на 12 мај 1981 година. Надлежни Архиереи и администратори на епархијата биле:

Митрополитот Кирил од 1967 до 1987 година

Митрополитот Стефан од 1987 до 1989 година

Архиепископот Гаврил од 1989 до 1992 година

Архиепископот Михаил од 1993 до 1999 година

Архиепископот Стефан од 1999 до 2006 година

За првпат, нашата епархија надлежен Владика кој физички постојано е присутен во самата епархија, добива во лицето на нашиот сегашен Митрополит Методиј, кој овој викенд одбележа цели 18 години од својата интронизација за Митрополит Американско-канадски на 2 септември 2006 година. Нека му е честита годишнината и за многу години!

Нашата епархија, во текот на својата историја, постигнува многу успех и денес брои 28 цркви и 2 манастира.






## ПРВ ЈУБИЛЕЈ - 5 ГОДИШНИНА ОД НАШИОТ ФАМИЛИЈАРЕН ДЕН СЛАВА МУ НА БОГА ЗА СЕ'

## FIRST JUBILEE, THE 5TH ANNIVERSARY OF OUR FAMILY DAY GLORY BE TO GOD

На 29-ти септември во МПЦ Св. Климент Охридски во Торонто се одржа Фамилијарниот Ден кој ја одбележа петгодишнината, прв значаен јубилеј кој беше прославен со преполна црковна сала при богослужбата во црквата. Отец Сашо Целски кој раководеше со неа,заедно со отец Илија Донев и Александар Тодоровски, по завршувањето се обрати и во банкетната сала порачувајќи им на присутните што почесто да ја посетуваат црквата и понатаму и во што поголем број како и досега. Ручекот и музиката на неделниот ручек беа подарени од Леринското културно друштво под раководство на Мери Ото. Ви пренесуваме неколку фотографии од овој настан. Воедно ве известуваме дека црковната управа ве поканува сите на есенските сесии по веронаука.
























# НЕДЕЛНОТО УЧИЛИШТЕ ОД ЦРКВАТА СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ

## *НИГДЕ НА СВЕТОТ ПОД ВИШНО НЕБО, ПОД ЗЛАТЕН СОНЧЕВ СЈАЈ, ТОЛКУ УБАВА ЗЕМЈА НЕМА КО МОЈОТ РОДЕН КРАЈ!*



*Подготвила Снежана Тешовиќ, учителка по македонски јаизк*

**Почитувани читатели!**

Со Благослов и Молебна молитва на нашите почитувани парохиски свештеници о.Сашо Целески и о.Александар Тодоровски за успешна учебна 2024/25 година започна со работа нашето Македонско училиште "Свети Климент Охридски" Торонто.



**Училиштето - наш втор дом**

**На лицата радост блика, училиште мило вика.**
**-Повелете! Повелете!**
**Ве викам на глас. Радост,среќа поделете,**
**брзајте на час. Како птици полетајте, в училишен двор, оро широ расцветајте, запејте во хор.**
**Песна дружна нека екне, среќа в очи нека светне!**



Во нашето училиште учениците се на различна возраст и со различни предзнаења. Поради тоа имаме три групи на ученици. Првата група ја сочинуваат нови ученици кои оваа учебна година ќе ја изучуваат македонската азбука - кирилицата и ќе научат да читаат и пишуваат. Во втората група се ученици кои ги знаат буквите и го совладуваат читањето. А во третата група се ученици кои можат самостојно да читаат, пишуваат и одговараат на дадени прашања. Како и да е, учењето е интересно за сите поединци и групи. Во нашата училница имаме и богата библиотека која редовно ја користиме како наш втор дом.Читаме и навлегуваме во тајните на приказните, бајките, басните и учиме да го препознаеме доброто од лошото со цел да станеме добри луѓе. Денот го започнуваме со молитва Оче наш и слушање Химна на Република Македонија. Месец Септември ни е посветен на нашата татковина Македонија.







**Татковино, љубов моја**

**Нигде на светот под вишно небо, под златен сончев сјај,**
**толку убава земја нема ко мојот роден крај!**

**Ванчо Николески**

Секако дека нема поубава земја на светот од онаа во која си се родил,си пораснал,си се школувал на својот мајчин македонски јазик. Земја во која си ги поминал најубавите години од животот со најблиските, најсаканите, браќа, сестри, родителите, бабите, дедовците, роднините, пријателите и познаниците.

Моја прекрасна Македонијо!

Во моето срце си секогаш. Уште на самиот почеток бевме почестени со пријатна посета од нашата драга учителка Крисанта Јанкула која е секогаш тука да ни помогне. Исто така бевме посетени и од нашата многу позната поетеса г-ѓа Вера Самарџанин која на сите ученици имаат подари нова книга. Во нашето училиште секојдневно стекнуваме нови знаења и се воспитуваме во духот на чесноста, трудољубивоста, другарството, љубовта кон човекот и татковината.



# MACEDONIAN COSTUMES "kostumi za obleka Q & A"

*The Canadian Macedonian Heritage Society is excited to announce that Marvin Moehle, from Granite City, Illinois, will be available in a workshop-type of setting at Canadian Macedonian Place on Sunday, October 27th at 3:30 p.m. He will speak about his collection as well as identify and provide explanations to audience members.*

*Marvin's maternal ancestry is from Drenoveni, Smurdesh and D'mbeni in the Kostur Region. Marvin is an avid collector of costumes from the whole Balkan area, especially Macedonia pre & post Division. He has a private collection of hundreds of specimens and most recently in 2023 loaned his costumes from Macedonia, Croatia, Slovakia and Czech Republic, for an exhibit at the Art Museum in St.Louis, Missouri.*

*Marvin's reputation as a "collector extraordinaire" has motivated many to donate and/or sell their family heirloom items for preservation, in his collection. He often gets calls from Europe when a rare piece of costume is found for preservation and identification.*

*Besides his costumes, Marvin is a regular contributor to Folklore Dance Workshops. In addition, Marvin is also a collector of Oral/Written Histories and has an extensive collection of books and articles from publications regarding costumes and Macedonian history.*




*If it is related to Macedonia, Marvin is interested!*

*You are encouraged to bring photos of your Macedonian Folk Costumes, pieces of embroidery or part of your costume.*

*This is an opportunity to receive information about your personal heritage.*









# МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА СВ.НИКОЛА ОД ВИНДЗОР, ЗЕДЕ УЧЕСТВО СО СВОЈА ДЕЛЕГАЦИЈА НА ЦРКОВНО- НАРОДНИОТ СОБОР КОЈ СЕ ОДРЖА ВО КРАУН ПОИНТ ИНДИАНА

Нашата Македонска Православна Црква Св.Никола од Виндзор, зеде учество со своја делегација на овогодишниот Црковен народен собор кој се одржа во Краун Поинт Индиана.

На оваа најважна манифестација во нашата Македонска Епархија, нашата Црква се претстави и со Играорната група ,,Ѓердан,, и вокално-музичката група ,,Серенада,,.

Настапот на овие две групи со талентирани членови предизвика интерес и позитивни и радосни емоции кај присутните гости. Освен нив нашата Црква беше претставена и со фудбалски тим којшто





учествуваше на натпреварите со екипите од другите цркви.

На 21 и 22 Септември торжествено се одбележа 50 годишен јубилеј на катедралната македонска Црква Раѓање на Пресвета Богородица во Стерлинг Хајтс Мичиген.

Собрани околу нашиот Владика Г.Методиј и под благодатниот покров и благослов на Пресвета Богородица, преку присуството на нејзината чудотворна мироточива икона, литургиски беше прославен овој голем историски момент од постоењето на оваа црква. Меѓу големиот број на верници и поклоници, имаше присутни и членови од нашата црква Св.Никола. Им честитаме на свештениците, Управата и на сите членови на оваа Црква лидер во нашата епархија и им посакуваме уште многу Јубилеи за прославување!





Во нашата Црква исто така се одржа службата за благослов на нашите деца и ученици за успешна учебна година, која се служеше на 29 Септември. Во најава ни' следува традиционалната Членска вечера која ќе биде на 20 Октомври. Настан во подготовка е и првиот Православен црковен камп за деца и младинци којшто го организира православното свештеничко братство во Виндзор и на кој камп ке учествува и нашата Црква.

Нека благословот на Божјата Мајка биде со нашите македонски цркви и нека таа не раководи и заштитува постојано!


























**Почитувани сограѓани пријатели и другари,**

Сакаме да ве известиме дека Прилепската вечер/забава е веќе во подготовки . Повелете да се дружиме и забавуваме.За добро и весело расположение е задолжен музичкиот оркестар **БАЛКАН ЕНТЕРТАИНМЕНТ,** а за богатата вкусна вечера задолжена е нашата беспрекорна готвачка Марија Ангелески.Вечерта исто така ќе биде збогатена со лотарија 50/50

Оваа годишна традиционална Прилепска вечер / забава ќе се одржи на 19 октомври во банкет салата на Македонската Православа Црква Света Недела 485 Баулу ст. W Ајах со почеток во 6:30 навечер

Цена: Возрасни $70 ; Деца/Студенти $35 ;

Деца помали од 10 години безплатно

Контакт :Ице Јанкуловски

Тел 416 602 1062

email ice_bg2000@hotmail.com

---

## СПОМАГАТЕЛНО КУЛТУРНО ДРУШТВО

# НИКОЛА КАРЕВ

ОРГАНИЗИРА СПЕЦИЈАЛНА ВЕЧЕРА




**ТРАДИЦИОНАЛНА ГОДИШНА, (МАШКА) ДРУЖБА КОЈА ЈА ОРГАНИЗИРА ДРУШТВОТО „НИКОЛА КАРЕВ" ВО МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА СВ. ИЛИЈА ВО МИСИСАГА СЕ ОДРЖУВА УШТЕ ОД ДАЛЕЧНАТА 1996 ГОДИНА!**

**ВО ВЛЕЗНИЦАТА КОЈА ЧИНИ $50 ДОЛАРИ Е ВКЛУЧЕНА БОГАТА ВЕЧЕРА,ПЕЧЕНИ ПРАСИЊА,МАКЕДОНСКИ КОЛБАСИ,САЛАТИ, АЛКОХОЛНИ И БЕЗАЛКОХОЛНИ ПИЈАЛОЦИ!**



**СЕ ПОКАНУВААТ СИТЕ МАКЕДОНЦИ ВО МИСИСАГА И ОКОЛИНАТА ДА ДОЈДАТ И ПОМИНАТ ЕДНА УБАВА, (САМО МАШКА) ВЕЧЕР, ДОЈДЕТЕ ДА СЕ ДРУЖИМЕ И ГИ НЕГУВАМЕ МАКЕДОНСКИТЕ ТРАДИЦИИ И КОРЕНИ .**

# Музички спектакл и настан на годината во Торонто организиран од ,,Скопското Друштво,,

## Интервју со легендарниот македонски музичар, актер и писател, пред се’ шоумен Игор Џамбазов, гостин со Гуру Харе Бенд на Скопската Вечер



**Соња Лозановска**: Маестро Игор, пред се ‘огромна благодарност за можноста да Ве имаме во весникот ,,Македонија,, кој токму на 1 ноември прославува 40 години од постоењето.Ден потоа, на 2-ри ноември Вие со Вашиот Бенд ќе го одржите концертот кој што се доживува како музички настан на годината во организација на ,,Скопското Друштво,,. Како сте, се радувате ли на средбата со македонската публика во Торонто?

**Игор Џамбазов**: Премногу се радувам. Посебно Гуру Харе. За триесет и кусур години заедничка соработка ова ни е прв пат да настапуваме надвор од Македонија. Искрено, на овие години не ми се мрда подалеку од Пехчево, ама овој пат решив да прифатам. Возбудени сме, среќни и стопроцентно подготвени да го оправдаме епитетот "музички настан на годината".

**Соња Лозановска:** Многумина кои го читаат ова интервју, сигурно пред себе ќе ја имаат сликата на Трајче Дрварчето, на Игор од штиците што живот значат, на Џандар Збира, на фестивалските сцени, на бардот на нашето глумиште Петре Прличко,а Ваш дедо, на мајка Ви , признатата актерка Анче, и татко Ви маестро Александар. Тешко е да Ве претстави човек, уште потешко да Ве опише, можеби оттаму и толку е силна возбудата од средбата со Вас и најавениот концерт.

Сте не’ задолжиле како Македонци, сте предизвикале почит и аплаузи. А Вие што би додале за себеси, какви чувства се будат кога ја гледате својата кариера и кариерите на Вашите најблиски низ оваа денешна призма?

**Игор Џамбазов:** Јас сум еден сосема обичен човек, кој понекогаш знае да привлече внимание со необични нешта. Во крвта ми течат боемските гени на дедо ми Петре, талентот за музика на татко ми, и професионалноста и посветеноста во глумата на мајка ми Анче. Имав едно незаборавно детство исполнето со возбудувања. Уште како мал станав "звезда", и еве успеав да останам се до денес. Во меѓувреме ми се случија премрежја кои сепак не успеаа да го убијат уметникот во мене. Напротив, со своите книги успеав да им ги раскажам моите искуства на млади луѓе кои се уште лутаат низ животот. Се обидувам да им објаснам како НЕ ТРЕБА во животот, оти не верувам дека некој точно знае како навистина треба...







**Соња Лозановска:** За нас кои живееме подалеку од Македонија, кажете ни’ каква е Македонија денес, како е да се живее, твори, да се креира во неа. Што Ве инспирира, а што би промениле како уметник?

**Игор Џамбазов:** Нашата Македонија е навистина чудесна земја. Истовремено таа е полна со апсурди и неверојатни примери на самоуништување. Еден голем македонски поет еднаш кажал дека не постои поголем непријател на Македонецот од Македонецот. Тоа се сигурно и главните причини поради кои сите вие сте ја напуштиле родната грутка. Македонија не е само географски поим. Македонија е вирус и среќни сме сите ние што сме го фатиле. И не го лечиме. Нека стои. Боли, ама нека стои.

**Соња Лозановска:** Секое македонско семејство има по некого далеку од дома. Вие ја имате вашата сестра надвор од Македонија. Како ја доживувате разделбата, не само Ваша лична, туку и воопшто какво е Вашето мислење за напуштањето на домот, татковината, печалбата...

**Игор Џамбазов:** Да. Сестра ми Тања е светски патник веќе триесет и кусур години. Последната станица и е Сан Франциско. Најдалеку што може од дома. Десет илјади и кусур милји. Нема подалеку. Во Македонија доаѓа еднаш до двапати годишно, седи неколку денови, се гледаме набрзина и толку. Сепак, интернетот е тука. Се гледаме и слушаме многу често. Сега бргу и беше роденден. И напишав: Сестро, чувај се, уште ти ми остана. Тешко е, навистина.

Печалбата, нам Македонците ни' е во менталниот склоп. Со векови. И за жал, така и ќе остане. Се додека во Македонија не се создадат услови за достоинствен живот.

**Соња Лозановска:** Непосредно пред Вашето гостување во Торонто со Гуру Харе Бенд кажете ни’ Ве молам неколку зборa и за него, за Вашите настапи низ Македонија и надвор од неа..

**Игор Џамбазов:** Гуру Харе е мојот Гуру. И не го давам никому. Хехехе. И тој се вика Игор. И тој е еден обичен човек со необични таленти. Се најдовме пред 35 години, се скапиравме, и еве се уште сме заедно. И сеуште се чувствуваме млади, се уште сме неверојатно креативни и полни со енергија. И немаме намера да застанеме. Лани прославивме 30 години заедничка соработка и го извадивме албумот "Првите триесет". Искрено, Гуру Харе и јас ја живееме втората младост.

**Соња Лозановска:** И за крај на ова интревју која е Вашата порака која ќе им ја испратите на читателите на весникот ,,Македонија,, од нашиот Дојран каде што живеете со вашата миленичка Ферхунде?

**Игор Џамбазов:** Со Ферхунде ви праќаме најтопли поздрави од секогаш топлиот Дојран, и би биле пресреќни кога вие почесто би доаѓале кај нас. И конечно, се гледаме на 2 ноември во халата на црквата Свети Климент Охридски, на нашиот концерт. Едвај чекаме, а се надевам и вие. И за крај, најголем поздрав до Скопско друштво кое сето ова го замисли и беспрекорно го организираше...

**Соња Лозановска:** Благодарам Игор, довидување во Торонто.





Интервјуто го остави Соња Лозановска

ST. ILIJA
MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH
СВ. ИЛИЈА
МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА

1775 BRISTOL ROAD WEST
MISSISSAUGA ON L5M 2Y5
PHONE: 905-821-8050
WEB: WWW.ST-ILIJA.CA

PARISH PRIEST:
O. BLAGOJ PENEV
289-885-43347
FATHERBLAGOJ@ST-ILIJA.CA






## ФРЕСКОПИС ПРОЕКТ

**Почитувани верници,**

**Ве известуваме дека во Македонската Православна Црква Свети Илија во Мисисага во тек е Фрескопис Проект.**

**Останати се уште неколку фрески за донација.**

**За повеќе информации јавете се во црквата Свети Илија во Мисисага на тел:**

**(905) 821-8050**

**и разговарајте со парохискиот свештеник отец Благој Пенев.**
**Ви благодариме.**
**Свети Илија, Мисисага, адреса:**
**1775 Bristol Rd W, Mississauga, ON L5M 2Y5**






## БЛАГОСЛОВ ЗА НОВАТА УЧИЛИШНА ГОДИНА ВО СВ. ИЛИЈА КОЈА ЌЕ ПОЧНЕ НА 20 ОКТОМВРИ

**После Светата и Боженствена литургија одржана на 15 септември учениците примија Божји Благослов за среќно и безгрижно учење за оваа учебна година. ,,Бог да е со вас Деца да ве следи успех по патот по кој храбро чекорите!**
**"Залудни би биле нашите усилби ако Ти не ни' помогнеш со Твојата семоќна десница, зашто секое знаење и секој совршен дар доаѓа од Тебе Господи. Па така, откако ќе им биде озарен умот на овие Твои чеда и откако со Твоја помош ќе имаат лесно учење, да може да напреднат во познанието на Твојата вистина, да им послужи на блиските и на својот народ,**
**па да го постигнат и своето лично спасение. Амин "**

**After the Holy and Divine Liturgy on September 15, the students received God's Blessing for happy and carefree learning for this school year . God be with you children may success follow you along the path you bravely tread!**
**"Our efforts would be in vain if You did not help us with Your almighty right hand, because every knowledge and every perfect gift comes from You, Lord So, after the minds of these Your children are enlightened and after with Your help they will have easy learning , to be able to advance in the knowledge of Your truth, to serve those close to them and their people, and to achieve their personal salvation. Amen.**








## ТРАДИЦИОНАЛНО ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПЕНЗИОНЕРСКОТО ДРУШТВО,,РИВЕР САЈД,, СЕ ОДРЖА ВТОРАТА МАНИФЕСТАЦИЈАТА,,ЗЕЛНИК ФЕСТ,,

По вторпат и традиционално се одржа манифестацијата ,,ЗЕЛНИК ФЕСТ,, а во организација на пензионерското друштво "Ривер сајд" од МПЦ Св. Илија, Мисисага. Друштвото го сочинуваат пензионери кои се исклучително активна гранка на оваа успешна и напредна црква и културен центар. Секој прв вторник во месецот се одржуваат пензионерските ручеци, кои ги даруваат македонски семејства од Мисисага и околните градови. Претседателот Горнан Јовановски со својата управа и годинава вредно и креативно работеа со цел да ја доближат македонската култура и нашата ,, дома,, - преку топлиот залак од прочуениот зелник.

Пред посетителите беа изложени експонати од нашето богато културно наследство во сопственост на членови на друштвото ,, Ривер Сајд,,. Претседателот Јовановски им благодари на сите кои помогнаа оваа манифестација да биде повеќе од успешна.

Во музичкиот дел со македонски песни настапи ,, Соња и Оливер Бенд,,. Горнан Јовановски, претседател на ,,Ривер Сајд,,: Пензионерското друштво "Ривер сајд" МПЦ Св. Илија, искажува благодарност до сите кои помогнаа за оваа манифестација да биде успешна. Посебно благодарност до Соња и Оливер Бенд за нивниот доброволен настап и нивната целосна подршка за реализација на овој мошне пригоден настан.



















### BAKE SALE ЗА ДОВРШУВАЊЕ НА ФРЕСКОПИСОТ НА СВЕТА ЗЛАТА МЕГЛЕНСКА




Ве известуваме дека женската секција од црквата Свети Илија ќе организира есенски базар на 13-ти октомври веднаш по завршувањето на Литургијата . Средствата собрани ќе бидат подарени за довршување на фрескописот на Св. Злата Мегленска.Сите сте добредојдени.

Подготовките и месењето за овој настан ќе бидат во четврток на 10-ти октомври од 9 наутро до 16 часот попладне. Секој кој може да ни' се придружи повелете,или пишете ни' на Фејсбук месинџер.

**Save the date: <u>November 30, 2024</u>**
**CHRISTMAS PARTY**
**Organized by the Ladies Auxilliary from St. Ilija, Mississauga**
**More details will follow soon.**

**ЗАЧУВАЈТЕ ГО ДАТУМОТ: <u>30 НОЕМВРИ 2024 ГОДИНА</u>**
**,, БОЖИКНА ЗАБАВА,,**
**организирана од страна на женската секција од црквата Свети Илија од Мисисага.**

**Повеќе информации ќе следат наскоро.**








На 9-ти ноември 2024-та,
повелете на свечениот митровденски банкет во чест на патрониот ден на
М.П. Ц. Св. Димитрија Солунски
во Маркам.
Тел: 905-471-5555
201 Main St N Markham, ON L3P 1Y4
Canada

Join us on Saturday November 9th 2024
For our banquet and celebration
of our Patronal Day.
For table reservations please call:
905 471 5555

MACEDONIAN CHILDREN RELIEF FUND
BAKE SALE
MACEDONIAN CHILDREN RELIEF FUND
St.Dimitrija MOC, Markham
201 Main St. N. Markham, Ontario
October 20 (Sunday), 12:00 Noon (After Church Service), Free Entrance
BAKED GOODS: KIFLI, BUREK, TULUMBIES, CAKES, COOKIES AND SOME SOUVENIERS




# УШТЕ ЕДЕН УСПЕШЕН ФЕСТИВАЛ НА ЦРКВАТА СВЕТИ ДИМИТРИЈА СОЛУНСКИ ОД МАРКАМ



Од 6-ти до 8-ми септември годинава се одржа традиционалниот црковен фестивал на македонската православна црква Свети Димитрија Солунски од Маркам. Истиот отпочна со благослов на парохискиот свештеник отец Горан Ристески, а под водство на црковната управа со претседателот Диме Малаковски.

,,Ниту студеното време кое владееше за време на овој викенд не успеа да ги премисли посетитетлите кои го исполнија црковниот двор да дојдат и уживаат во благодетите на фестивалот,,-изјавиопретседателот Малаковски за весникот ,,Македонија,,.




Фестивалот беше исклучително успешен што е резултат на здружената работа на сите кои што беа вклучени во организацијата и реализацијата, сите црковни секции, волонтери, а секако и поддржувачи. Женската секција со претседателката Соња Алексовска Мириќ изврши одлична организација со својот тим, Македонки и Македонци кои не го штедеа своето време и енергија да помогнат фестивалот достоинствено да ја претстави црквата.Се продаваа солени и слатки производи, како и пијалоци, свежа скара која се подготвуваше на лице место.





Во црковните простории беше изложена поставка на македонски културни, етно елементи, народни носии, фотографии, предмети кои датираат од македонското богато минато. Во културно забавниот дел се претставија неколку културно уметнички друштва и тоа, од црквата домаќин ансамблот ,, Билјана ,, и сениорскиот ансамбл ,, Здравец,, и гостинската група ,,Македонка,, од Македонската Православна црква Свети Климент Охридски од Торонто.





Во текот на трите фестивалски дена имаше и весела македонска музика во живо со гостите уметници:

Жаклина,Љупчо, Веле, Ник, Крис и Душко. Претседателот Малаковски изразува голема благодарност до сите кои придонесоа овој фестивал да забележи одличен успех.



# ПОЧИТ И ПОЧИТУВАЊЕ ПАТОТ ЗА ДОСТИГНУВАЊЕ ПОЧЕСТИ



**Пишува:**
**Протоерej Александар Тодоровски**
**Парохиски свештеник во Епархиски соборен храм „Св. Климент Охридски" - Торонто**
**Тел. 654 801 9915; e-mail: fr.aleksandar@ stclementofohrid.com**

„А кој меѓу вас сака да биде поголем, нека ви биде слуга; и кој сака меѓу вас да биде прв, нека ви биде слуга на сите" (Мк 10, 43-44). Со тие зборови Христо не' учи, дека: кој е веќе одликуван со светски почести и предимства, тој не треба да се гордее со нив, туку со смирение да ги употребува за доброто на другите (да биде слуга).

Оние кои достигнале почести и кои се облечени со некаква слава не треба да се гордеат со своите предимства, туку да се ползуваат од нив со смирение, зашто сите наши предимства – не се наша придобивка, туку Божји дар (1 Цар 2, 7-8); Изреки 8, 15; Рим 9, 21; 1 Кор 4, 7). Последователно, да се гордееме со нив значи да ја грабиме славата од Бога. Безумно би било да се превознесуваме со почести и затоа што тие се минливи; ние лесно можеме да ги изгубиме, и тогаш наместо почитување ние ќе сретнеме јавна омраза и презир (1 Кор 10, 12).Оние кои достигнале почести треба да ја употребуваат својата власт и сила за полза на другите. Сите, одликувани со почест и власт, Божјото слово ги нарекува „Божји служители за добро" (Рим 13, 4). Тие се поставени повисоко од другите за да служат како добар пример за другите. Напротив, кој се ползува со чест, но ја злоупотребува, тој не само што ќе даде строг отчет пред Бога (Мудр 6, 6), туку ќе го изгуби и вистинското почитување од луѓето.Кој се стреми уште кон почести, тој треба да ги достигнува со смирение и вистинско служење на ближните (на сите да им биде слуга), а не поинаку.Патот на смирението и вистинското служење во полза на другите е вистинскиот пат за достигнување на слава и величие. „Синот Човечки дојде не да Му служат, туку Тој да служи"; затоа и „Бог Го изгина и Му даде име кое е повисоко од секое име" (Фил 2, 9). Тој пат е тежок за нашето самољубие, но тој единствено не' доведува до вистинска слава.

Ако ние сакаме да заслужиме вистинска чест и почитување не само пред Бога, туку и пред луѓето, тогаш колку што е можно повеќе да им правиме добро на другите (1 Кор 9, 22; Јов 29, 15-16), без ни најмалку да се превознесуваме или да сакаме слава и чест. Тогаш славата и честа сами ќе не' најдат и ќе тргнат по нас.

## ЗА ПОЧИТУВАЊЕ НА ДУХОВНИОТ ЧИН

„Со сета твоја душа сакај Го својот Господ и почитувај ги неговите свештеници. Со сета твоја сила сакај Го својот Создател и не оставај ги Неговите служители. Имај страв од Господ и почитувај го свештеникот; дај му го неговиот дел, како што ти е заповедано" (Сир. 7, 31-33).

Читајќи ги овие стихови, сосема е јасна нивната содржина, но да се задржиме на оние зборови коишто зборуваат за потребното почитување кон духовните лица. Многу често на духовните лица им се познати зборовите коишто се мачни и навредливи за свештеничкиот чин, но дали на тие коишто ги нанесуваат им е познато колкав грев нанесуваат врз нивната душа?

Во наведениот стих, читаме дека, двете заповеди за почитувањето на Бога и на Неговите свештеници, словото ги соединува како една: Имајте страв од Господ – се вели, и почитувај го свештеникот. Тоа значи, дека кој Го почитува Бога и се плаши од Него, тој задолжително треба да ги почитува Неговите свештеници и да внимава да не ги навреди со нешто; напротив, кој не го почитува духовниот чин, тој не се плаши од Бога. А зошто е така? Еве зошто: знаете ли кој го утврдил духовниот чин и кој ви дава свештеници? Самиот Господ Исус Христос, Кој уште додека бил на земјава, Самиот го избрал дванаесетте апостоли, а потоа и останатите седумдесет, и им дал власт да ракополагаат таму каде што е потребно, по градови и села. Апостолите истото им го заповедале на поставените од нив архиереи за да го продолжуваат тоа од род во род, се' дедека светот постои, така што и сегашните свештеници и ѓакони својата служба и власт ја имаат преку архиереите од самите апостоли и Самиот Господ Исус Христос. Кога го уредил на тој начин свештеничкиот чин во Својата Црква, Господ Исус Христос им кажал на апостолите, а во нивното лице и на сите приемници, значи и на сегашните свештеници: „одете во светот, проповедајте го Евангелието и извршувајте свети служби. Вас таму ќе ве мразат, гонат и прогонуваат, но вие не смутувајте. Секогаш помнете, дека не му служите на светот, туку Мене Ми служите: значи и пофалбата и наградата за вас нема да биде од светот – Јас ќе ве наградам за трудовите. Затоа, кој ве прима вас, Ме прима Мене; а кој Ме прима Мене, Го прима Оној што Ме пратил; кој вас ве слуша, Мене ме слуша; кој се одрекува од вас, од Мене се одрекува; кој прима пророк во пророчко име, ќе добие пророчка награда; и кој прима праведник во праведничко име, ќе добие праведничка награда. И кој не ве прима и се подвива со вас, нему ќе му биде полошо отколку што им било на Содом и Гомор" (Мт гл. 10). И така, кој навредува свештеник, тој според зборовите на Самиот Спасител Го навредува Бога, бидејќи свештениците се испратени од Бога.

Тешко греши пред Бога оној кој укорува свештеник, и тешко ќе одговара за тоа пред праведниот Божји суд! Сакате пример за тоа? Во Библијата читаме, дека во старо време, кога во јудејскиот народ Господ го поставил за првосвештеник Арон, Мојсеевиот брат, во тоа време некој си Кореј, негодувал против Арон, а Датан и Авирон, против двајцата – Арон и Мојсеј, и престанале да ги почитуваат како Божји служители. И што се случило потоа? Страшно е да спомнеме за нивната судбина: земјата се отворила и Кореј, Авирон и Датан биде проголтани и живи симнати во адот. Бог строго казнува за укорување на Неговите свештенослужители.Размислете за тоа, кој Го моли Господ Бог за вашата благосостојба? Кој во име на Господ ве благословува во секое добро дело? Кон кого за време на несреќи вие прибегнувате? Кој се моли за вас, кога ќе Му ја предадете својата душа на Господ? Нели го прави сето тоа свештеникот? Тогаш зошто кај некои се јавуваат мисли дека свештеникот може некому да наштети и таквите можат ли да кажат дека Го почитуваат Бога и светата вера. Но и таквите, доколку вистински се покајат, свештеникот може да Го моли Господа тоа да не им се земе за грев и се' ќе биде добро.

Кај некои се забележуваат и други непофални постапки против свештениците: наместо да им се влева на децата љубов кон свештеникот, некои им зборуваат за свештеникот како за нешто лошо, па дури и ги плашат со нив. Затоа, кога ги носат децата на Светата Причест се плашат и плачат, како свештеникот да прави нешто лошо. Како да не му е тешко на духовниот пастир сето тоа да го гледа?

Затоа, да се поучиме: да престанеме да Го клеветиме Господ Бог преку укорување на Неговите свештеници и да го послушаме Божјото слово: Со сето твоја сила сакај Го својот Создател и не оставај ги Неговите служители.

## ЗА ПОЧИТУВАЊЕ НА ДОБРОДЕТЕЛНИ ЛУЃЕ

Светиот апостол Павле, завршувајќи го Посланието до Римјаните, на римските христијани им дава ваква поука: „Ви ја препорачувам Фива, нашата сестра, која е служителка при црквата во Кенхреја; примете ја во Господ, како што им прилега на светиите, и помогнете и' во она, во што ќе има потреба од вас, бидејќи и таа беше помошничка на мнозина и на мене самиот" (Рим 16, 1-2).

Со тие свети зборови, светиот апостол Павле не ги учи само неговите современици Римјаните, туку и сите нас да ги почитуваме т.е. да укажуваме секаква чест, почитување и љубов кон добродетелните и побожни луѓе, кои се трудат за слава на Христовото име. Тоа Павлево учење не е негово, туку волја на Севишниот Бог.

За да ни покаже Бог колку е високо достоинството и честа на добродетелни луѓе, и колку е важно да ги почитуваме, и колку голема штета си причинуваме кога ги укоруваме, ги споредува со зеницата на окото, кога за нив кажал: „Зошто кој чепка во вас, чепка во зеницата на окото Мое." (Зах 2, 8). Тоа се потврдува со многубројни библиски приказни.

Кога пророкот Елисеј патувал во Ветил, некои мали деца, кои биле излезени од градот, му се потсмевале. Тие не знаеле за Елисеј, дека е пророк, па затоа шегувајќи се со него му рекле: „врви, ќелавко, врви, ќелавко" (4 Цар 2, 23)! Тој се свртел, ги видел и ги преколнал во името Господово. Тогаш излегле од гората две мечки и раскинале од нив четириесет и две деца. Ако Бог ги казнил малите деца само заради еден подбивен збор со пророкот, поради нивниот незрел ум, тогаш што ќе направи Тој со оние луѓе, кои, бидејќи посовршени од тие деца и по години и по знаење, не ги почитуваат, туку ги презираат добродетелните луѓе и оние кои се занимаваат со свештенички или учителски должности, и се трудат за општото добро на верните?

Но, ние гледаме, ќе кажете вие, мноштво тирани, злобни луѓе, кои иако толку многу свети мажи и жени презирале, мачеле и убивале сепак останале неказнети. Така е, но зарем не веруваме, дека ќе има друг живот, дека ќе има сеопшт суд и плата за делата? Зарем не Го слушаме Бога Кој вели: „нечесниот се чува за судниот ден" (Изреки 16, 4).

Бог ги казнува оние кои ги презираат добродетелните луѓе, но ги благословува оние, кои ги почитуваат и примаат љубезно. Силен доказ за таа вистина е Лаван. Тој, кога слушнал оти Јаков, синот на неговата сестра, доаѓа кај него, „му излегол во пресрет, го прегрнал и бакнал, и го вовел во својот дом" (2 Мојс 29, 13). А кога Јаков решил да го напушти домот на Лаван, тогаш Лаван откриено исповедал, дека радоста од која тој се наследувал за тоа време додека Јаков бил кај него, ја дарувал Бог, зашто го примил Јаков во својата куќа.

Примерите, бидејќи безгласни, имаат посилен глас од секаков збор. Но, Бог не не' учи само со примери да ги почитуваме светиите, туку и со зборови кои го откриваат Неговиот Божествен план. „Кој ве прима вас, Ме прима Мене; а кој Ме прима Мене, Го прима Оној што Ме пратил" (Мт 10, 40). Тоа значи, дека Бог ги поставил светите угодници еднакви на Себеси по чест, ги поставил како Свои наместници и управувачи на земјата, и последователно им дал власт од Својата Божествена сила. Навистина е така, зашто гледаме дека сите созданија им се покоруваат и ги почитуваат: од нив се плашат дивите животни: гладните лавови не смееле да се допрат до Даниил (Дан 6, 22); влекачите ги почитуваат: отровна змија се допира до раката на апостол Павле, и не му прави никаква штета (Дела 28, 5).

Оние кои ја извршуваат Господовата волја ги почитуваат не само материјалните суштества, туку и нематеријалните и духовите. Демоните се зли духови, кои се откажале да Му се покоруваат на Бога и лишени се од Царството; тие му завидуваат на човечкиот род – но и тие се покоруваат на заповедта на светите мажи.

Но зошто, на добродетелните им се дава таква власт, таква чест и благодат? Затоа што тие по совршенството на својата добродетел, станувааа садови, кои во себе ги сместуваат големите Божји дарови, со чие посредство ние ја гледаме Божјата семоќ во чудата извршувани од нив. Затоа, Бог сака да ги почитуваме; затоа Тој строго ги казнува тие кои не ги почитуваат.

## ЗА ПОЧИТТА ЕДЕН КОН ДРУГ

„Натпреварувајте се во почитувањето еден кон друг" (Рим 12, 10). Апостолот не не' заповеда само со почит да се обраќаме кон ближните, туку и да се натпреваруваме во почитта еден кон друг. Тој на секого му вели: не се грижи само за тоа – на почитта да одговориш со почит, но самиот побрзај да укажеш почит; не чекај да те поздрават и да ти се поклонат, но ти побрзај да се поклониш; не чекај при собир да ти дадат прво место, туку самиот отстапи го тоа за друг. По тоа можеме да пресудиме, колку е свештена за нас обврската да ги почитуваме ближните.

Кон секого ли треба да ја исполнуваме таа должност? - Кон секого! Натпреварувајте се во почитувањето еден кон друг. Апостолот не вели: почитувајте ги само старите, началниците, родителите и др., туку почитувајте се еден со друг. Тоа е така, затоа што душата на секој човек е образ и подобие Божјо, има богоподобна природа. Ако Бог така ја почитува душата, ние ли нема да ја почитуваме? Во тој случај предмет на нашето почитување е образот и подобието Божјо. Бог за секого од нас промислува со татковска љубов: ќе се дрзнеме ли да го презираме оној кој служи за предмет на таа љубов? Христос на Крстот ја пролеал Својата пречиста крв за секого од нас – скап е човекот во очите Божји! Како, пак, ние да не се покориме пред тоа скапо за Бога суштество? Човекот, по своите лични особини може да биде лош, нечесен, суеверен, непријатен, но и во него, под дебелата кора на гревовите и на секое зло, се чува образот и подобието Божјо. Имено, образот и подобието Божјо е она злато и оној дијамант, кој ние треба да го цениме во секој човек, колку и да е лош во својот живот. Од истата причина апостол Павле во Посланието до својот ученик Тимотеј, Ефескиот Епископ, укажувајќи му на обврските кон паствата му вели: „Не укорувај старец, туку почитувај го како да ти е татко; помладите, пак, како да ти се браќа" (1 Тим 5, 1). Станува збор за старци, кои со своето поведение достојни се за укор. Но епископот треба да се задржи од укори кон нив, имајќи го предвид не само старечкото, туку и нивното човечко достоинство.

Но работата не е само во надворешната почит, туку во тоа – таа да биде израз на искрено сочувство. Се случува кај еден зборовите да се понежни од елеј, но тие се стрели (Пс 54, 21). Друг, ласкаво се обраќа кон вас, но под таа ласкавост се крие зла умисла, презир и непријателство. Ќе најдете многу пријатели, кои слично на Јуда предавникот, лицемерието ќе го сокријат со пријателски целив. За жал не се малку и христијаните слични на учтиви злобници. Таквите ве почитуваат со зборови, а во срцето свое тие ви подготвуваат зло. Малкумина можат да почувствуваат дека под маската на добрината се крие злобата, и паѓаат во ископаната за нив јама.

НАДВОРЕШНОТО ПОЧИТУВАЊЕ Е ВРЕДНО САМО АКО Е ВО ВРСКА СО ВНАТРЕШНОТО, И, АКО НЕ СМЕ ВО СОСТОЈБА ДРУГИТЕ ДА ГИ ЗАДРЖИМЕ ОД ЛИЦЕМЕРНА ПОЧИТ, ТОГАШ БАРЕМ САМИТЕ ДА СЕ ЗАДРЖИМЕ ОД НЕА, СЛЕДЕЈЌИ ЈА ЗАПОВЕДТА НА АПОСТОЛОТ: ДА СЕ НАТПРЕВАРУВАМЕ ВО ЗАЕМНА ПОЧИТ!

*Страницата е помогната од добротворителите Јулија и Славе Димитрови*

# Македонско литературно друштво „Браќа Миладиновци„ - Торонто

***ЛИТЕРАТУРНОТО ДРУШТВО "БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ", ГРАНКА ПРИ МПЦ СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ВО ТОРОНТО, ЈА ПРОМОВИРАШЕ ЗБИРКАТА "ПЕСНОПОЈНОСТ" ПРЕД МАКЕДОНСКАТА ЈАВНОСТ ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ПРВАТА КАТЕДРАЛНА МАКЕДОНСКА ЦРКВА ВО КАНАДА***



Промоцијата која се одржа во неделата на 29-ти септември ја отвори госпоѓа Вера Самарџанин која го покани претседателот Зоран Карапанчев да ги информира членовите на друштвото и присутните гости за промоцијата која беше одржана во Велес оваа година.
На говорницата следеа пригодни говори и рецитирање песни од промовираната книга, како и доделување благодарници за учество во реализирање на проектот "Манастири" од наградниот конкурс за издавање на книгата "Светиите наши".
Во програмата зедоа учество потпретседателката на друштвото госпоѓа Драгица Димовски, секретарката гопоѓа Блага Дафовска и членовите на друштвото госпоѓите Вера Вржовска-Петреска, Снежана Тешовиќ, Рада Видиновски и Наташа Бурзевска.
Промоцијата заврши со читање авторски поетски творби од книгата "Песнопојност".










## КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ – МАКЕДОНСКИ ПОЕТ И РЕВОЛУЦИОНЕР
### 16 декември, 1912 - 2 септември, 1941

**ПОЕЗИЈА СО ПОВОД**
**Пишува и уредува БЛАГИЦА ДАФОВСКА**



Македонскиот поет Коле Неделковски кој живееше, се бореше и твореше меѓу двете светски војни роден е на 16 декември 1912 год. во село Војница, Велешко. Во неговото родно место завршил основно образование и први клас гимназија. За време на големата економска криза поради немање услови за подобар живот и понатамошно школување, го прекинал образованието. Уште како дете работел и станал бојаџиски чирак. Во 1933 г. отишол во Атина, а потоа емигрирал во Бугарија токму за време на големата економска криза. Тогаш стапува во редовите на марксистичкиот литературен кружок и почнубва да се изградува и обогатува со многу знаења на ниво како писател на неговото време. Истовремено ги објавил и неговите први творби со патриотски и револуционерни идеи кое најповеќе доаѓа до израз во неговата песна „ГЛАС ОД МАКЕДОНИЈА" која е најпознатата патриотско – револуционерна песна во македонската книжевна литература, од која цитираме:

**„О, трајте, трајте, тирани недни!**
**Доста се тие лаги и злоба -**
**пакосен глас од устите гадни**
**над мојот народ у секое доба."**

Во 1940 г. Коле Неделковски ја објавува првата стихозбирка со симболичен наслов и на македонски јазик „М,СКАВИЦИ", а наредната година и втората збирка „ПЕШ ПО СВЕТОТ". Но, по кратко време од нејзиното излегување од печат, смртта го прекинува неговиот бурен животен пат. Борејќи се храбро во првите редови на борбата против фашизмот, херојски загина на 2 септември 1941 г. „положувајќи го својот живот врз олтарот на Револуцијата: откриен и опколен од софиската полиција во своето живеалиште на мансардата од една повеќекатница, Неделковски не им се предаде жив на непријателите. Фрлајќи бомба меѓу полицајците, тој се фрли од прозорецот на улица и херојски загина на 2 септември 1941 година.

Својот краток борбен и поетски живот го украсил со 23 песни што се отпечатени во горенаведени тажни и лирични поетски збирки, достапни до секој читател.
Оваа година, на 12 декември се навршуваат 112 години од неговото раѓање.
Во негова чест со поетска контрибуција во знак на благодарност за неговите заслуги ќе го проследиме неговиот живот и дело. Еве како тој се обраќа кон поетите од неговото поднебје и неговото време со песната

**„НА ПОЕТОТ"**
**„Кажи певец,**
**што те мачи,**
**што не знаеш**
**нигде мир ?**
**Страден вик**
**на сегде јачи**
**од душа ти**
**– земна шир"**



Неговите стихови исполнети се со лирика при што се чувствува влијанието на македонската народна песна, како што е мотивот и народно чувство слеано и опеано во песната

**„НА КИНИСУВАЊЕ":**
**„Позапри, мајко, затрај се,**
**доста ме, леле, испраќа,**
**доста си солзи излеа**
**по тија пусти патишта"**
*
**„Ја, мајко, тргнав, заминав,**
**куса си пушка нарамив,**
**планина Пирин развила,**
**бајрак се вее сред неа."**

Во неговите песни преовладуваат патриотските и револуционерни мотиви со влијание од народната поезија. Во негова чест некои училишта низ Македонија како и културни друштва, го носат неговото име. Исто така неговото име и значајно дело се слават и изучуваат и надвор од татковината, а и денес ни се обраќа со поетски збор:

**„Пеј, о братко, пеј за народ**
**и му песни бурни дај,**
**та со моќ да урне сводот**
**на ропство над роден крај."**

Тоа беше нашиот „распеан" борбен поет и револуционер, Коле Неделковски, кого и денес го славиме а неговото поерски творби претставува инспирација за идните поетите. Неговото дело вечно ќе се слави.

### РОПСТВО

**Дејди, моја мила мајко,**
**от кај иде силен екот,**
**дење-ноке век ќе крене**
**мира мајко не ни дава?**

**Дали негде огин гор(и)**
**та сред огин змии пиштат:**
**ели, мајко, веди трештат**
**та се пуста земнја тресе? —**

**„Нити, синко, огин гори,**
**ни сред огин змии пиштат,**
**нити веди, синко, трештат,**
**ни се пуста земнја тресе,**

**туку, синко, полошо е**
**и од огин и од вода,**
**врие, чедо, тиран гладен**
**низ нашава црна земнја;**

**кај што мине — чума мори,**
**кај што седне — земнја пишти;**
**нигде помен не остави,**
**ни од живо, ни од мртво."**

# СЕЛО ГОРНА ГОРИЦА ВО ПРЕСПА ПОД АЛБАНИЈА



Пишува писателката од Мала Преспа

Крисанта Јанкула

Селото Горна Горица се наоѓа на источната стана од планината Сува Гора,во нејзините пошумени пазуви, западно од Преспанското езеро.

Ова село е создадено, од кога селото Горица, кое се наоѓало на самиот пат, Корча-Битола, кај денешното 9-летно училиште "Отпор на Горичени„ се дели на две села.Бидејќи било на самиот пат,близу бреговите на Големото Преспанско езеро,селаните немале мир од арамиите и секакви војски кои врвеле тука и така селаните се решиле да се скријат од злото и се сместиле длабоко во шумите каде изградиле нови домови и започнале нов живот.Така тие го делија своето село Горица на две села, Горна Горица и тие семејства што останале се прискрија покрај езерото ,под шумите за да не се гледаат од кај патот и така го формираа селото долна Горица. Сведок за ова се старите гробови кои се наоѓаат таму кај што денес е изграден центарот на Преспа Парк.

И пред таа зграда на постоечките темели селаните изградија мало црквиче,(ваковче) "Св.Петка„. Ова е како сведок дека тука некогаш било селото Горица.Селаните кои се преместиле во денешна Горна Горица си изградие своја нова црква која му ја посветија на" Св.Митрија„. На делкан камен на олтарот од црквата е испечатена годината 1860, додека над вратата од црквата повторно на камен е 1904 година, што сака да каже дека црквата е градена на 1860 и реновирана на 1904 година.Оддржувана од селаните кои на 2020 година изградија и камбанерија,многу убава,со делкан камен.

Горно Горичките селани напишаа историја за својот живот, историја за која се учи во сите 6-одделенија низ цела Албанија по предметот историја за отпорот на Горичени против тогашниот режим на кралот Зогу.Врз историјата на овој настан и нашиот голем писател Стерјо Спасе го напиша својот роман "Тие не беа сами„.Роман пишан на албански јазик ,а посветен на делото и животот на селаните од Горна Горица.

Селаните на ова село се занимаваа претежно со сточарство,земјоделие и рибарство.Правеле и ќумур.Ќумурот како и многу сточарски производи (месо,кожа,сирење,урда,маст) суви риби(цирoнки)ги носеле на пазарите во Корча,Лерин и Битола.Не ретко многу млади мажи оделе на печалба и по "Мериќите„На летото жетварите по нивите на цел глас пееја македонски песни береќи го житото.

На "ејзерото„ги переле своите алишта и волната ,која потоа ја работеа ,ја ткаеле на домашни разбови и правеле шајак од кој ја шиеле цела горна облека ,од јелек до гуна,како и цела постелнина и покривало.Чупите (девојките)ткаеја платно од кое ја подготвуваја својата руба ,везејќи ги невестинските кошули ,гушници и др.Браковте(свадбите)и разните прослави во склад од обичаите ,биле скромни и весели.

Еден обичај е и "миењето„на семејните крстови во езерото




на празникот Водици.Крстовите претежно биле сребрени ,специјално изработени во Корча,Ресен,Битола,украсени со парички и синџирчиња што значело и престиж за фамилијата.Многу семејства и денденес ги чуваат тие крстови.Претежно вака течел животот на Горичени а бројот на жителите на селото се зголемувал.

На 1925 година 9 -те Преспански села останаа во границите на Албанија На 1928 година Ахмет Зогу стана крал и тогаш започнаа маките и секој дневните страдања за жителите на Горица.Само наречениот бег на Горица,Малиќ Каплани ,подржуван од власта на неговиот роднина-кралот Зогу ги добил сите судски спорови со Горичени и целосно ги осиромашил дотерувајќи ги до просјачки стап.

На 14 Март 1933 година ,бегот со силна поддршка од власта во Тирана , со 30-40 џандари ги избркал Горичени од своите домови и ги принудил 40 дена да живеат на отворено небо кај месноста "Болниците„ и во скромните домови на соседното село Туминец,надевајќи се дека ќе ги натера да прифатат неговите услови и пак ќе се вратат во селото.Оти Горна Горичени масовно,мажи,жени, деца и стари пешки отидоа во Корча и протестираа пред префектурата против бегот и власта, и со овој негов настап му дадоа пример и на други селани низ Албанија да го следат неговиот пример.На 1 Мај 1933 година , во договор со српскиот конзул ,изгладнети, сосема осиромашени ,со скромното домаќинство на рамо ја поминаа Албанско-Југословенската граница кај селото Стење.

Со голема тага, јад и солзи за последен пат го слушнале биењето на Горичката камбана и за секогаш се простиле од своите домови и имот,од гробовите на на своите најблиски и спомените и заминаа во најголемата неизвесност за да не се вратат никогаш.Ги зајсоа во некои села на Метохија. Тука една цела година поминале пред вратите на Српските власти ,молејќи се со плачење да ги преместст (велејќи -Ние од Албанци бегаме,во албанци не дојсоте?)На крај очајот се претвори во триумф и Горичени ги дојсоа во "Вардарска Бановина„во селата Сопот,Трап,Пепелиште и Прждено ,Битолско.Тука намачените селани од Горица,го најдоја својот мир и ги разгораа своите огништа и одново најдоа тло за повторно вкоренување.Тука започна новиот живот за Горичени .Од

Страницата е поддржана од Друштвото
„Мала Преспа„ - Канада



тука излегоа вредни земјоделци,успешни стопанственици ,учители.лекари,правници,економисти,инжиниери од сите струкии друго и се распрснаа низ цела Македонија,Југославија и низ цел свет.

Селото Горна Горица остана пусто без неговите селани.На нивните празни домови во 1936 -1940 се преселија селани од селото Шулин.Тие го напуштија Шулин и дојдоа во Горица за подобар живот бидејќи Горица имаше повеќе ниви за земјоделие.

Од селото Шулин дојдоа овие фамилии:"-Нечовци,Јанкуловци,Костовци,Веловци,Печовци,Ристовци,Гроздановци и Малевци.Единствена фамилија која остана од првите горичени беше фамилијата на Јоше Бандилов ,татко на Милан Бандилов и Пандо Гориценецо кој ојде во Долна Горица.Денешните Горна Горичени од село Шулин ја дојсоа со себе и селската слава Ѓурѓовден и Св.Никола кои ги слават и денденес.Но како селска слава тие ја слават и Св.Митрија по светецот на селската црква,слава на првите Горичени.После 70 години од како ја напуштија Горица ,нејзини потомци се вратија да ги видат родното село на своите родители ,нeговата црква .Запалија свеќи на гробовите на нивните предци .Се сретнаа и со новите жители на неговото село кои веќе сега небеа нови туку Горица ја чуствуве како негова и им се заблагодарија за доброто одржување на селската црква која беше единствен сведок од првите селани.

На ова посета тие ја промовираа и книгата направена од нив:"-Последното биење на Горичката камбана„.По повод 80 -годишнината на неговото иселување ,го открија споменикот во село Долна Горица како сведок за случувањето.Во чест на историјата на Горна Горичени жителите и власта на Преспа ,на 9-летното училиште во Долна Горица му го дадоја името:'Отпор на Горичените„.Селото Горна Горица и денес ги има сите селани најработни нај домаќини и вредни луѓе.

Селото брои денес окулу 150 домаќинства.Сите деца после завршувањето на 9-летното училиште продолжуве масовно средно и високо образование.Од ова село се излезени многу добри домаќини,мајстори,учители лекари ,професори и инжиниери од разни струки, економисти и друго.Сите селски куќи се градени со делкан камен од своите домаќини.

Горичките мајстори на камен ,денеес работе низ цела Македонија и во други држави.Но за жал,повторно се повторува празнувањето на Горица.

Сега не ги тера никој туку сами младите за подобар живот се иселуваат по градовите,и државите ширум светот.

**SAVE THE DATE: SATURDAY NOVEMBER 23, 2024**

**DRUSTVO MALA PRESPA ANNUAL DINNER AND DANCE PARTY 2024**

It's time for the annual Mala Prespa Night.
We invite you all to join us for dinner and dancing.
SATURDAY NOVEMBER 23, 2024 at 6:30
Location: Mississauga Convention centre
75 Derry Rd W, Mississauga, ON L5W 1G3
Music by:
BALKAN ENTERTAINMENT Toronto

Најпрекрасната прослава во годината !!!
Богата Лотарија! Незаборавна Веселба!!!!!
For tickets and information please call, text or message on Facebook
Bosilko Agovski 416 - 712 - 3186
Spiro Agovski 416 - 992 - 4273
Jani Malevski 416 - 839 - 1558
Adrian Nestor 416 - 731 - 0189








Accredited Nadcap
AS9100C & ISO9001:2008 Certified

## VAC DEVELOPMENTS LTD
## http://www.vacdev.com

*2270 Bristol Circle, oakville Ontario L6H 5S3*

# *Bill Hristovski*




## *Join the VAC Dev Team!*

*An industry leader in precision fabrication of aerospace and defence products, we are growing our organization with people who share our passion and enthusiasm for manufacturing quality products.*

**На сите новодојдени од Македонија им даваме можност за вработување и обезбедување на обука во авио металската индустрија, лимарија, машинство и инжинерство, планирање и други можности**

## *VAC Developments Ltd careers*

***Warehouse Associate - Packing/Shipping/Receiving***
Oakville, ON • Full-time

***Sheet Metal Mechanic- Fabrication - Day Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Sheet Metal Mechanic - Machining/Fabrication Shop- Afternoon Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Planner Production - Machining/Fabrication Shop***
Oakville, ON • Full-time

***Manual Machinist***
Oakville, ON • Full-time

***Estimator Machining/Fabrication Shop***
Oakville, ON • Full-time

***Deburring Grinding Technician - Afternoon Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Deburrer Grinding Technician - Day Shift***
Oakville, ON • Full-time

***CNC Machinist - Day Shift***
Oakville, ON • Full-time

***CNC Machinist - Afternoon Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Assembler Part Markers -Aerospace***
Oakville, ON • Full-time






# 30 ГОДИНИ ОД ПОЧЕТОЦИТЕ НА МПЦ РОЖДЕСТВО НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА,(МАЛА БОГОРОДИЦА) ОД КЕНБРИЏ, ОНТАРИО

На 28-ми септември 2024 година се одржа Гала-банкет организиран од црквата,, Рождество на Пресвета Богородица" од Кенбриџ во парохиската сала во М.П.Ц. Св. Наум Охридски во Хамилтон лоцирана на 1150 Stone church rd. E. Hamilton L8W 2C7. На банкетот кој следуваше на една недела по прославата на патрониот ден беа присутни парохијани и други верници и почитувачи на оваа црква, чиј што духовен водач е отец Гоце Деспотовски. Се прославуваа 30 години од купувањето на објектот кој подоцна стана духовен храм за Македонците од Кенбриџ и околните места.

На 21 септември на празникот Рождество на Света Мала Богородица во просториите на црквата се одржа божествена литургија на која кумуваа Милена и Антоние Митевски. По богослужбата во преполна црковна сала беше послужен и празничен ручек.И во таа пригода, а и на 28-ми септември од гала свеченоста се обрати претседателката на црковниот одбор Бранкица Кузманоска Матеска, како и отец Деспотовски кои ја упатија благодарноста до сите кои ја почитуваат и поддржуваат Света Мала Богородица сите овие години.









Свеченоста ја удостоија повеќемина македонски свештеници од македонските православни цркви во Канада, како и духовни претставници од пријателската српска православна црква од Кичинер и Хамилтон.

Заеднички беа упатени благослови и пораки за поддршка и зачувување на нашите православни семејства и поколенијата блиску до верата.

Гала банкетот беше збогатен со македонска музика во исполнение на Соња и Оливер Бенд и Менде Маџанковски. Во разновидната лотарија беа подарени вредни награди, меѓу кои и главната, икона со ликот на Исус Христос. Догодина овој сложен храм и парохија кои како што и самите велат, дишат и собитуваат како едно, ќе ги прослави и 30 -те години од осветувањето на црква.

# 92 ГОДИШНИОТ ПЕНЗИОНЕР ГОСПОДИН ТОМЕ АРСОВСКИ СО АВТОМОБИЛ ОД СЕНТ КАТЕРИН ДО ВАНКУВЕР

*МОТИВАЦИОНА ПРИКАЗНА КОГО НИКОГО НЕ ЌЕ ОСТАВИ РАМНОДУШЕН*

Господин Томе Арсовски е активен пензионер со долгогодишно учество во црквата Свети Илија во Мисисага, угледен Македонец кој своите пензионерски денови ги минува исполнето и со многу енергија која ја добива од читањето книги, престојот во природа и физичката активност.

Неодамна, тој оствари ретко и возбудливо патување со автомобил до Британска Колумбија. Но најнапред да се запознаеме со неговите животни навики:

-Имам редовен распоред како, кога и со што да се занимавам, за да бидам во добро здравје. Со долу наведените активности можеби објаснението ќе биде поприфатливо за некој мој врсници.?

Секој ден, пешачам наутро и навечер по 30 минути,а ако времето е поволно тогаш и до 1час на утро и 1 час навечер., вели господин Томе. Живеам сам во 2 собен стан кого потребно е да го одржувам, а за тоа треба време да биде хигински поволен за живеење. Поголем проблем е подготовката на оброци, секојдневно,тоа е малку по голем предизвик за мене.!?...

Покрај редовното дневно шетање, во распоредот е следното:

Понеделник - 2 часа вежбање со инструктор, кој /ја е квалификуван за вежбите, се разбира да не се заборави и редовното триесет минутно шетање и наутро и навечер.

Вторник - 1 час наутро пешачење, исто толу и навечер и домашна администрација.

Среда - часови,(лекции) за компјутери или употреба на телефон во траење од 2 саата.

1-2 часа во библитека, а си земам и неколку книги за читање по 6 часот навечер. Дефинитивно шетање според временските прилики.

Четврток - вежби и пливање во базен еден час и секако пешачење од еден час наутро и навечер .

Петок – пазарење и редовното пешачење во утрински часови и приквечер.

Сабота-- чистење на станот и моето омилење пешачење два пати денот.

Недела е ден за посета на црква или на излет (разни места)- набројува господинот Томе.

Бидејќи пензионеркото друштво(клуб), просториите беа зтворени за 1 месец, решив да патувам за Ванкувер, Британска Колумбија. Ставив оглас, доколку некој од пензонерите сака да се придружи, што би било поволно. Но, за жал никој не се јави.

Е па јас, како и секој Македонец решив на ова патување да отидам сам, додава господин Арсовски.Беше дефинитивно напорно,потребна е физичка и психолошка издржливост, за да се преминат 11,130 километри во двата правца.







Се разбира планирањето мора да биде реално и точно, колку саати да се вози, одмор за доручек,(ако нема во хотелот), ручек, вечера, резервација за хотел-која беше еден од најскапите во мојот буџет и одземање од моето скапоцено време за да имам каде да преспијам.

Но за сето тоа, јас сум задоволен бидејќи секогаш бев спремен за секаква ситуација што ќе дојде да ја решам или решавам, тоа беше еден плус за мене во таа ситуација-вели господин Арсовски.

Патував низ /преку Северно Онтарио, и беше "навистина"како да патувам и сум на друга планета, специјално во ненаселените места!...

Манитоба и Саскачеван,беше друго и неверојатно изненадување, повеќе луѓе велат "вери боринг плејсес" нема ништо што да видиш!?...

За мене беше многу интересно, огромнитениви со илјадници хектари, обработка на истите,машинеријата потребна за обработка, одржување, живеење со стотици километра сама фамилија и бидат самостојни за секакви мали или големи потреби,нивниот социјален, општествен и религиозен живот. Потполно беше ново за мене и ако многу сум прочитал или видел на телевизија.

Алберта е посебна со своите природни убавини, вели господин Арсовски,Банф, Лејк Луиз,и други места, а посебно градот Калгари, покрај плодните фарми провинцијата е позната со нивните големи минерални богатства,уште еднаш народот што живее таму создал и создава многу поволен живот за населението, посебно забележлив колку се дава признавање на домородците "Индијанци". Речиси скоро во секоја провинција тоа е присутно.

И најпосле еве ме мене во Бритиш Колумбија. ,, I made it!,,Мојата дистанција, мојата цел. Уште еднаш, ',природа, народ, неописливо, се' што сум гледал и читал,физички сум присутен во таа убавина за овој дел од Канада. За враќање,планот ми беше да отидам во Едмонтон до Саскатун до Винипег и до Онтарио, но за жал,ме одбија и не беше дозволено да се патува на таа релација бидејќи имаше голем "шумски" пожар. Го променив планот и решив да одам и посетам помали градови и села и видам како е нивниот социјален, религиозен живот по тие места што се со огромни далечини од едно место до друго, кое се уште не е сфатливо и ден денес за мене.

Се надевам дека од ова мое кратко патување некој од пензионерите ќе се инспирира и ќе си ја оствари својата желба, сеедно до која дестинација. Никогаш не е доцна. Ве поздравувам со почит –вели накрајот од своето раскажување господин Томе Чаирчанец Арсовски.


Not all dentures are created equally.
Let us create your perfect smile.
Book a FREE consultation today!
905.553.5315
• Full Dentures
• Implant Retained Dentures
• Partial Dentures
• Immediate Dentures
• Same Day Repairs and Relines
• Professional Denture Maintenance and Cleaning
• Snoring and Sleep Apnea Appliances
• Custom Sports Guards
• Custom Tooth Whitening
PERFECT smiles
Dental Lab & Denture Clinic Ltd.
Jim Globocki, RDT, DD
DENTURE SPECIALIST
905.553.5315
info@perfectsmilesdental.ca
www.perfectsmilesdental.ca
9986 Keele Street
Vaughan, ON L6A 3Y4


THENEDANTEAM
RENOVATE ■ LIST ■ SOLD
■Staging ■Moving ■Reno's ■Storage
** NOT INTENDED TO SOLICIT BUYERS OR SELLERS UNDER CONTRACT
Vasko Nedanovski
NEDANREALESTATE.CA
Biljana Arsenovska
647.333.9628 Broker
416.906.1398 Sales Rep
WE ARE A FULL SERVICE REAL ESTATE TEAM
OUR SERVICE DOESN'T END AT JUST PURCHASING OR SELLING YOUR HOME. WE FIRMLY BELIEVE IN HELPING YOU EVERY STEP OF THE WAY TO ENSURE A SMOOTH AND STRESS-FREE PROCESS. NOT ONLY WILL WE FIND YOUR PERFECT HOME, WE CAN HELP YOU MOVE INTO IT!
RIGHT AT HOME


FOR SALE
TORONTO
THENEDANTEAM
Vasko Nedanovski
647.333.9628
Biljana Arsenovska
416.906.1398


FOR SALE
MISSISSAUGA
THENEDANTEAM
Vasko Nedanovski
647.333.9628
Biljana Arsenovska
416.906.1398


FOR LEASE
MISSISSAUGA
THENEDANTEAM
Vasko Nedanovski
647.333.9628
Biljana Arsenovska
416.906.1398


FOR LEASE
TORONTO
THENEDANTEAM
Vasko Nedanovski
647.333.9628
Biljana Arsenovska
416.906.1398

## 100 ДЕНА ВЛАДА: СЕ СЛУШААТ ЖЕЛБИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ, РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТОТИНА ПРОЕКТИ ЗА НИВНИТЕ ДИРЕКТНИ ПОТРЕБИ

По одлуката на Владата за забрана на онлајн коцкањето, следниот чекор во рамките на т.н. „работна група“ е откривање и блокирање на пристапот до сите нелегални веб-страници кои организираат коцкање. Според Министерството за дигитална трансформација, мерките ќе опфатат околу 100 странски домени кои се активни на територијата на Северна Македонија, покрај локалните домени.

Сто денови влада и веќе околу 100 реализирани проекти. Последниот од нив е тој што почна од од стартот на октомври – линеарното зголемување на пензиите, но пред тоа имаше и почеток на изградба на нови градинки, почеток на големи инфраструктурни проекти, нови странски инвестиции, проширување на позитивната листа на лекови …

И се тоа, без преголема помпа или големи Пи-Ар кампањи, кои остануваа на празни зборови, туку со посветена работа на терен, таму каде што веќе се чувствуваат видливи резултати.Пристојноста мора да е една од нашите клучни одлики, а пристојноста доаѓа од понизноста кога Владата го слуша својот народ, работи за него и е практично слуга на народот. Лошото е ако имаме чувство за себе дека се знаеме и дека гласот на народот воопшто не е важен“, е една од пораките на премиерот Христијан Мицкоски, кој даде отчет пред граѓаните за сработеното на владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ.

Токму мислењето на граѓаните и тоа што тие имаа да го кажат за нивните желби и потреби беа еден од основните столбови уште во предизборната програма на ВМРО-ДПМНЕ, па токму на тоа се става фокус при изборот што да се реализира од државните институции.Првичните резултати сами за себе говорат дека критиките и советите се слушнати и врз основа на истите се делува. Секогаш без исклучок, навремено се реагира слушајќи го гласот на народот и гласот на медиумите.Стратешките прашања, а тоа се интересите на граѓаните, интересите на народот се заедничка цел на постојната Влада затоа што народот е тој кој е заслужен за тоа што денес можеме да кажеме дека имаме плодни и успешни 100 дена зад нас“, додаде Мицкоски.

## СВЕТСКИ МАКЕДОНСКИ КОНГРЕС 30 СЕПТЕМВРИ - ДЕН НА МАКЕДОНСКИОТ НЕПОКОР!

На 30 септември, го празнуваме споменот за римјанката Софија која своите три ќерки маченички Вера, Нада и Љубов ги воспитала да имаат вера во себеси и во Бога, да имаат надеж во неговата добрина и љубов кон ближните и Севишниот. Тие живееле во првата половина на вториот век по Исус Христ, за време на владеењето на императорот Хадријан. Римјанката Софија живеела како вистинска христијанка, со добри дела, со смиреност на душата и покорност на Божјата волја. Во тој дух и ги воспитувала и своите три ќерки кои ги носеле имињата на трите најважни христијански вредности: Вера, Надеж и Љубов.Некои велат “Надежта последна умира!“ Не! Надежта никогаш не умира, таа вечно живее! Затоа животот продолжува...Бидејќи повторувањето е мајка на знаењето. Ги има многу, но некои од поважните македонски национални и државни празници:

4 Февруари - Ден на раѓањето на Гоце Делчев
4 Мај - Ден на убиството на Гоце Делчев
5 Мај - Ден на Македонската азбука
9 Мај - Ден на победата над фашизмот
24 Мај - Ден на Македонската и сесловенска писменост, Ден на Светите Кирил и Методиј
22 Јули - Ден на раѓањето на Александар Трети Македонски
2 Август - Ден на државноста на Македонија
10 Август - Светски ден на Семакедонското помирување и обединување, Ден на геноцидот врз Македонскиот народ
11 Август - Ден на Семакедонското знаме
8 Септември - Ден на независноста на Македонија
30 Септември - Ден на Македонскиот непокор
11 Октомври - Ден на востанието на Македонскиот народ
8 Декември - Ден на Свети Климент Охридски

На денешен ден, на 30 септември 2018 година речиси две третини од вкупниот број запишани избирачи, Македонци по род и државјанство, НЕ ГЛАСАА “за членство во ЕУ и НАТО“ и не ја прифатија Спогодбата Димитров-Коѕиас од 17 јуни 2018 година за промена на името на државата Македонија и идентитетот на Македонскиот народ, и покрај државниот терор на марионетската влада врз граѓаните референдумот да им успее.Вечерта на 30 септември 2018 година, Македонскиот народ и граѓаните на Македонија на Семакедонскиот собир прокламираа Семакедонска декларација со која констатираа дека “Одлуката за членство на државата Македонија во Европската Унија и НАТО Алијансата со прифаќање на Спогодбата Димитров-Коѕиас за промена на името на државата и идентитетот на нацијата, донесена од Собранието на 30 јули 2018 година НЕ Е усвоена на референдумот одржан на 30 септември 2018 година!“На 1 октомври 2018 година, Државната изборна комисија соопшти дека на референдумот одржан на 30 септември 2018 година, од 1.806.336 граѓани запишани во Избирачкиот список, гласале 666.743 граѓани или 36,91 проценти од вкупниот број граѓани запишани во Избирачкиот список. Бројот на неупотребени гласачки ливчиња изнесува 1.139.593.На референдумското прашање "Дали сте за членство во ЕУ и НАТО со прифаќање на Договорот помеѓу Република Македонија и Република Грција?", "за" гласале 91,46 проценти или 609.813 граѓани, а "против" се изјасниле 5,65 проценти или 37.700 граѓани. Неважечки гласачки ливчиња се 19.221 или 2,89 проценти."Одлуката не е усвоена, бидејќи не гласале повеќе од половината од вкупниот број граѓани запишани во Избирачкиот список", појасни претседателот на ДИК, Оливер Дерковски.“Северна Македонија“ претставува времена состојба, која мора да заврши со итно и безусловно еднострно раскинување на Спогодбата Димитров-Коѕиас. Секое именување на државата Македонија со геноцидната придавка “Северна“ од било кого, претставува кривично дело!А, пратениците и премиерот и министрите кои гласаа за Законот за ратификација на Спогодбата Димитров-Коѕиас и за уставните амандмани 33, 34, 35 и 36 за како најтешко кривично дело велепредавство треба да бидат казнети со доживотен затвор и конфискација на личниот имот и имотот на членовите на семејството, дома и во светот!

Никогаш северна, само Македонија вечна од исконот до бескрајот! Амин!

## ЕДЕН АВИОН ДНЕВНО ЌЕ СЛЕТУВА НА СКОПСКИОТ АЕРОДРОМ: ГЕРМАНСКИ ТУРОПЕРАТОР ЌЕ НОСИ 35.000 ТУРИСТИ ГОДИШНО

По еден авион дневно ќе слетува на скопскиот аеродром. Германски туроператор годишно ќе носи по 35.000 туристи од Германија, Франција и Велика Британија во земјава. Владата постигна договор со германската „РСД“, која ќе организира балкански културно-туристички тури кои ќе почнуваат и завршуваат во Скопје.

По пристигнувањето ќе пренoќат во главниот град, по што ќе продолжат на патување кон Црна Гора и Албанија. Оттаму ќе отидат во Охрид, каде исто така ќе пренoќат, а последните две ноќи ќе ги поминат во Скопје.

Според проекциите на Владата, во официјалната статистика со оваа соработка ќе се впишат дополнителни 140.000 ноќевања годишно.

-Според просекот којшто досега е направен врз искуствата во минатите години работа на оваа компанија, тоа би значело дополнително околу 30 милиони евра директни трошења овде кај нас од страна на овие гости коишто ќе не посетат или заедно ако тука го вкалкулираме и сместувањето и останатите трошоци, превозот и слично, можеме дури и да дојдеме и до бројката од 50 милиони евра, вели премиерот.Намерата на Владата е во наредните години да се удвои бројот на туристи кои ќе доаѓаат преку германската „РСД“. Но премиерот вели, странците имаат свои барања.

-Гостите имаат и свои побарувања во делот на квалитетот на сместувачките капацитети, треба и ние како држава да подржиме таков тип на сместувачки капацитети коишто ќе бидат атрактивни за овој тип на гости, вели Мицкоски.Доколку планот се оствари, тоа би значело дека овие туристи ќе сочинуваат помеѓу 10 и 15% од вкупниот број на странци кои годишно ја посетуваат Македонија.

Во последните седум месеци македонија ја посетиле 450.000 странци. Според државната статистика, странците во просек спијат по две вечери во земјава. Најбројни се туристите од Турција, Србија, Полска, Германија. Македонија досега не беше привлечна за туристите од Франција и Велика Британија.



## ЈАПОНСКА ДОНАЦИЈА ЗА ОПШТИНА ПУСТЕЦ

Градоначалникот на општина Пустец, Пали Колефски оствари средба со амбасадорката на Јапонија во Албанија, Нејзината екселенција Като Кикуко.

На средбата јапонската амбасадорка предаде ново возило за потребите на општина Пустец, по барање на општината Пустец.

- Им благодариме на Јапонскиот народ и на Царството Јапонија за донацијата на општина Пустец, се надеваме соработката ќе продолжи на општ интерес на Македонската заедница во Албанија и Царството Јапонија, - изјави градоначалникот Пали Колефски.

Градоначалникот на општина Пустец и јапонската амбасадорка во Албанија ја посетија црквата “Пресвета Богородица” на островот Мал Град.

## ЖАЛНА ВЕСТ: НЕСТОР ОГИНАР 1947-2024

27 септември 2024 година, Њујорк, САД - По кусо боледување, почина професор Нестор Огинар, Македонец, професор по англиски јазик и долгогодишен македонски активист, иселеник во Соединетите Американски Држави.



Нестор Огинар е роден на 3 февруари 1947 година во Скопје, во семејство на трговци и земјопоседници со потекло од тетовското село Волковија. Детството и раната младост ја поминал во Гостивар, Тетово и Битола каде што го завршил средното образование.

Во 1968 година служел воен рок во тогашната ЈНА. Во 1969 година поради идеолошки несогласувања со КПЈ, односно КПМ, преку Виена заминал за Њујорк, САД каде завршил факултет за англиски јазик и книжевност со драма на Хантер Колеџот на Градскиот Универзитет во Њујорк.

Во 1973 година се вратил во Македонија и работел како професор по англиски во Тетовската гимназија “Кирил Пејчиновиќ“. Во 1976 година се оженил со Милица, а потоа заедно се преселиле во Њујорк.

На Хантер Колеџот завршил магистратура по англиски јазик и книжевност и потоа се префрлил на приватниот “Њујорк Универзитет” каде се стекнал со диплома магистер по Филозофија и продолжил со докторските студии по англиски јазик и книжевност.

Од 1988 до пензионирањето во 2010 година, работел како професор по англиски јазик и литература во Њујорк.

Со д-р Милица Огинар, професор по француски јазик и литература имаат три деца - два сина и ќерка и неколку внуци.

Како патриот е активен за македонската кауза уште од најраното детство и младост.

Нестор Огинар е еден од основачите на Светскиот Македонски Конгрес и негов долгогодишен потпретседател и сенатор. Бил шеф на Постојаната мисија на Светскиот Македонски Конгрес при Организацијата на Обединетите Нации во Њујорк.

Нестор Огинар е прв претседател на задграничниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ за Северна Америка и член на Советот на интелектуалците на ВМРО-ДПМНЕ.

Во 2002 година, како претседател на партијата Преродба и обединување на македонските национални идеали (ПОМНИ) учествувал на парламентарните избори во сите 6 изборни единици.

Работел како асоцијативен член на меѓународниот институт на Шилер.

Автор е на повеќе статии, есеи, трактати и дела печатени и во САД и во Македонија.

Организатор и учесник на повеќе меѓународни конгреси. Организатор и учесник во повеќе протести, митинзи, собири ширум САД, Канада и Македонија за одбрана на името на државата Македонија и идентитетот на Македонскиот народ.

Во последниот пост на неговиот ФБ-профил од 7 септември годинава, Нестор вели: “Овој пост го пишувам како Македонец, и роден и растен и воспитан во Македонија, со македонски дух и свест. Кога некои утре таму, ќе го “слават Денот на независноста“, да ги потсетам дека, се' уште живеат под анамнеза што трае веќе 33 години! “Слават“ една окупирана, незаконска и вештачка држава без име, без знаме, без идентитет, без јазик, без историја, без минато и без црква, понижена и исмеана од целиот свет… Тие се реалноста и вистината што јас ги гледам! Но, секому по своето... Посакувам да Ве закрепнат светлината и топлината на Сонцето на Македон!“

И после се’, Боже на духовите и на секое тело, успокој ја душата на починатото твое чедо и наш брат во Господа Нестор Огинар, прости му ги прегрешенијата волни и неволни, направени со збор, со дело или со помисла, и како Благ и Човекољубив, насели ја неговата душа во место светло, место блажено, место мирно, место каде што почиваат праведниците, место каде што нема ни жал, ни воздишка, но живот Бесконечен... Неговото дело и мисла ќе не прогонуваат: Борете се за Македонците и за Македонија!

Вечнаја памјат и Бог да го прости, почивај во мир.













# ALEXANDER THE GREAT AUTO INC

Buying a car? Remember, it is more than just spending money. We, at Alexander The Great Inc. Auto Sales understand that quite well. Be it the look you desire or be it the efficiency you need! We provide you with the best of advice, the best of services and best of options in our inventory for quality pre-owned vehicles.

At Alexander The Great Inc. Auto Sales we deal in all Ranges of cars. Our professional and amicable staff is here to help you find the best suited car for you and your family. Instant Financing Approval, Buying or trading, Alexander The Great Inc. Auto Sales is the destination for your next car because we know exactly what you wish for!

## Contact Us

***Address***
***2695 Durante Way,***
***Milton, ON, L9T 5J1***

***Sales: 833-216-1270***

*Hours of Operation*

| | |
|---|---|
| *Monday* | *9:00 AM to 6:00 PM* |
| *Tuesday* | *9:00 AM to 6:00 PM* |
| *Wednesday* | *9:00 AM to 6:00 PM* |
| *Thursday* | *9:00 AM to 6:00 PM* |
| *Friday* | *9:00 AM to 5:00 PM* |
| *Saturday* | *9:00 AM to 5:00 PM* |
| *Sunday* | *Closed* |









*I'm all about bringing the vibe to your special day, whether it's a birthday, a graduation, community or opening event. Just let me know your music preferences, and i'll blend them seamlessly into non stop mixes that'll keep everyone dancing! With rhythm in my blood and music in my soul, I feel every beat deep within, a gift passed down from my musician parents. As DJAne, I translate that connection into an unforgettable experience, ensuring each song resonates with the crowd. Feel free to contact me anytime at: 647-461-4505 email: alexandrapet2005@gmail.com*




# Македонија

To send articles, advertisements, or to subscribe to Macedonia newspaper please contact us at:
**macedonia.canada@yahoo.com**
Call or text: **416-827-0954**

# CANADIANA FLOWERS

**www.canadianflowers.com**
**Design Studio, 3087 Kingston Road**
**Toronto, ON M1M 1P1**
**info@canadianaflowers.com**

**Toll Free: 888-265-767**
**Local: 416-265-6867**




# Dr. Elizabeth Dimovski
## Family Dental Office
## Home of the FREE Custom Mouth Guard

**For all our sports-playing patients! Call for details today!**

**2 Philosopher's Trail, Unit #1, Brampton, Ontario, L6S 4C9**

# 905-458-6620

# ЕНИГМАТИЧАРОТ НИКОЛА ПЕТКОВСКИ СЛАВИ ЈУБИЛЕЈ ОД 70 ГОДИНИ ТВОРЕШТВО

## ПЕТКОВСКИ 10 ГОДИНИ ИЗРАБОТУВА КРСТОЗБОРИ ЗА ВЕСНИКОТ ,,МАКЕДОНИЈА,, ОД ТОРОНТО, КАНАДА

Во 1954 година во некогашен „Колибри" излегло крстозборче направено од осумгодишниот Никола Петковски. Оттогаш сè до денес Петковски својот живот го посветува на енигматиката. Перманентно седум децении тој создава енигматска содржина која е објавувана во бројни весници во Македонија, но и во земјите на поранешна Југославија. Со тоа тој станува доајен на македонската енигматика, највозрасниот енигматичар во државава кој годинава одбележува јубилеј од 70 години творештво.

Петковски вели дека уште како дете сфатил дека се разбирал во решавање загатки, но дека одлично му оди и смислување на нови.

– Кога го направив мојот прв крстозбор не знаев дека јас всушност сум направил многу квалитетен крстозбор, подоцна разбрав дека тоа што мислев дека е тешко, впрочем значело квалитетно – вели Никола Петковски за „Слободен печат".

Љубовта кон енигматиката растела, а животниот пат му нудел прилики постојано да има каде да ги објавува творбите. Петковски е еден од двигателите за создавање на првото македонско енигматски списание „Котелец".

– Во минатото пишувавме само на српско-хрватски јазик. Тоа нè поттикна и се собравме група македонски енигматичари мажи и жени за да ја избуткаме работата и во 1975 година официјално излезе првото енигматски списание на македонски јазик. Тоа беше голема радост за сите нас. Важно е да се одржува литературниот мајчин јазик и во оваа форма преку енигматиката, јас до ден денес внимавам на тоа – вели Петковски.

Македонската енигматика според Петковски не е во добра состојба, енигматичарите се бројат на прсти, нема голем простор и можност за пласман, со тоа интересот бледнее, а кај новите генерации не постои.

– Нема млад енигматичар во Македонија. Нема ни жена која пишува крстозборки. Интересот за оваа работа полека исчезнува. Кај нас проблемот е во тоа што никогаш немало Сојуз на енигматичари, клубови постоеле, но секогаш се сведувале на патронски средби, ништо посериозно за развој на енигматиката. За разлика од кај нас во соседството и денес постојат клубови кои функционираат солидно – вели нашиот соговорник. Како единствен амбасадор на македонската енигматика, пласманот на содржините надвор од Македонија на Петковски му носи многу награди, убави поминати времиња, средби со енигматичарите во регионот

Неговите крстозборки ги решаваат и нашите иселеници низ светот. Македонците во Канада и денес имаат можност да се релаксираат со загатките на Петковски, се работи за долгогодишна соработка со тамошното списание кое излегува на македонски јазик.



*Никола Петковски/ Фото: Слободен Печат – Слободан Ѓуриќ*

Интервјуто го оствари Александра Вуксановиќ.

### НАД 500 МАКЕДОНСКИ ТОПОНИМИ ВО АЛБАНИЈА - ЖИВ СВЕДОК ЗА ПРИСУСТВОТО НА МАКЕДОНЦИ ТАМУ КАДЕ ШТО ДЕНЕС ГИ НЕМА

Пишува Христијан АЦИОСКИ

Денес низ цела Албанија се' уште опстојуваат повеќе од 500 македонски (словенски) топоними, што е потврда дека тие места во минатото биле населени со македонско население.

Македонците од многу предели на денешна Албанија во различни периоди се повлекуваат кон исток, но најголем број, во последните два века од османлиското владеење. Иако низ селата со бројни македонски имиња во внатрешноста на Албанија долг период не можат да се сретнат Македонци, сепак нивното историско присуство е овековечено во живата македонска топонимија, прилагодена на албанскиот јазик.За разлика од Грција, која во Егејскиот дел на Македонија систематски во неколку години збриша над 2.000 македонски топоними, срећна околност е што во Албанија и меѓу доминантното албанско население топонимите продолжија да егзистираат.Не станува збор за ограничен простор, туку македонските називи широко се распространети низ целата територија на денешна Албанија.

Во крајниот северен дел, во околината на Скадар зачувани македонски топоними се: Широка, Голем, Велиполе, Добар, Градец, Добрач, Брег, Загора, Селце итн.

Во централниот дел се наоѓа округот Елбасан и во неговата поблиска околина опстојуваат селата: Јагодина, Сушица, Лешане, Кукуш, Рајца, Сојник, Мелник, Манастирец и други. Иселеници од Рајца денес живеат во струшките села: Враништа, Мислешево и Ложани.

Во околината на градот Белград (Берат) постојат над 70 населени места кои имаат македонски (словенски) називи. Покрај гратчето Кучово, ќе наидете на селата: Черешник, Војник, Брештани, Садовица, Рошник, Козаре, Богово, Камчиште, Градец, Рахово, Селани, Лесково, Церица, Капиново, Крушево, Височица, Старавица, Забрежани, Нишица, Корито, Оризари, Радеш, Старово, Церово, Черешниште, Велебиште, Бело Брдо, Брждан, Бистровица, Вирјани, Добревник, Ветерник итн.

Ако се движите кон западниот дел на земјата и преку Фиер, патувате кон Валона, ќе ги сретнете македонските називи: Ново Село, Градец, Црковине, Сушица, Гуменица, Водице, Луково, Нивици, Канино, Бистрица, Струма, Камчиште, Висока, Белине, Бабуње, Дивјак, Градиште, Старавец, Грешница итн.

Во јужниот дел на Албанија, во околината на Ѓирокастро, доказ за некогашното присуство на Македонци се македонските имиња на селата: Лешница, Драчево, Вршиште, Гостивиште, Боровница, Грабово, Кршово, Петрани, Черешово, Бистрица, Косово, Косина, Биовижда итн.

Преплавена со македонска топонимија е корчанската регија, каде што до најдоцна опстојуваат последните две македонски села на албанската географска територија - Бобошчица и Дреновени. Денес, во околината на Горица (Корча) (не вклучувајќи ја областа Мала Преспа) целосно албански населени места со македонски топоними се: Загоричани, Ѕвезда, Братомир, Рамен, Лешница, Пољани, Каменица, Породин, Трстеник, Заградец, Височица, Видово, Брачани, Трн, Мочуриште, Ракицко, Селиште, Жичиште, Слатина, Селце, Пештан, Ложан и многу други. Може да се забележи дека, голем број од овие топоними, со иста или слична форма, се среќаваат и на територијата на Македонија.

Баба лаже, рог не. Од вистината не се бега, кога и да е, таа излегува на површина!

### ОМО ИЛИНДЕН ПИРИН
### КОМИТЕТОТ НА МИНИСТРИТЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ПРОТИВ БУГАРИЈА!

(СМК) Комитетот на министри на Советот на Европа (Council of Europe), донесе одлука (MINISTERS' DEPUTIES - CM/Del/Dec(2024)1507/H46-7) во врска со постојаното одбивање на бугарските институции да ги почитуваат правата на бугарските државјани со македонска самосвест и да им дозволат да имаат свои културни организации.Засилениот мониторинг над Бугарија поради македонските пресуди во Европскиот суд за човекови права во Стразбур беше воспоставен во 2016 година и досега се донесени серија на одлуки. Во секоја следна одлука, јазикот е се поточен и јасен, притисокот врз Бугарија станува посилен, а просторот за маневрирање се' помал.

Бугарија беше принудена да го менува законот, да организира обука на судии, а сега, за да ја избегне директната казнена акција, таа самата понуди да создаде работна група во владата која ќе работи на решавање на овој проблем.

Се разбира, ова не е ништо повеќе од маневар и тој нема да и' даде на Бугарија ништо повеќе од неколку месеци - таа треба да поднесе извештај до 16 декември годинава.

Комитетот на министри на Советот на Европа во својата последна одлука бара конкретни мерки за да стане невозможно манипулирањето и шпекулирањето со различни правни категории во одлуките на судовите и формалности со кои се одбиваат регистрации.

Освен тоа, Комитетот на министри на Советот на Европа констатира дека "оваа група случаи се однесува на неоправдано одбивање на судовите, во периодот од 1999 до 2015 година, да ги регистрираат здруженијата апликанти врз основа на размислувањата за националната безбедност, заштитата на јавниот ред и правата на другите (цели насочени кон "признавање на македонското малцинство" и наводни сепаратистички идеи) ... изрази жалење што, и покрај мерките усвоени од властите помеѓу 2018 и 2024 година, усвојувањето на Привремената резолуција CM/ResDH(2020)197 и последователните одлуки, повеќе од 18 години по првата правосилна пресуда во оваа група, здруженијата кои имаат за цел "да го постигнат признавањето на македонското малцинство" и понатаму рутински им се одбива регистрацијата главно поради поширокиот проблем на неодобрување на нивните цели; забележа, исто така, дека очигледно неконзистентната примена на формалните барања покренува прашања за правната сигурност за апликантот и слични здруженија."

Комитетот на министри на Советот на Европа "Силно ги повикува властите да преземат решителната акција, за која Комитетот ги повика во своите претходни одлуки за да се осигура дека секое ново барање за регистрација на здруженијата апликанти или слични здруженија се испитува во целосна согласност со обврската од членот 11 од Конвенцијата за заштита правото на слобода на здружување."

Времето и просторот за маневрирање на Бугарија завршува! Ако нема регистрации на македонски организации во најскоро време, Комитетот на министри на Советот на Европа треба да започне со казнени процедури. За жал, бугарските власти не му оставаат други опции на цивилизираниот свет.

### МАКЕДОНСКА ЗАЕДНИЦА ВО АВСТРАЛИЈА
### МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВИКТОРИЈА ЈА УКИНА ЗАБРАНАТА УЧЕНИЦИТЕ МАКЕДОНЦИ ДА НЕ МОЖАТ ДА ГО КОРИСТАТ СЕМАКЕДОНСКОТО ЗНАМЕ!

Мелбурн, Австралија - Советот на македонските заедници на Австралија со задоволство соопшти дека на жалбата од 6 мај 2024 година, за несреќниот инцидент во Основното училиште во Лалор Север (Lalor North Primary School) за забрана учениците Македонци да го носат семакедонското знаме со шеснаесет-зрачното златно-жолто сонце на црвена основа на Денот на хармонијата во 2024 година, конечно е добиен позитивен одговор од Министерството за образование на Викторија.Министерството за образование на Викторија во врска со инцидентот за Денот на хармонијата 2024 во Основното училиште Лалор Север изразува жалење и уверување дека повеќе нема да се повтори ова недоразбирање. Светскиот Македонски Конгрес изразува голема благодарност до претседателот на Советот на македонските заедници во Австралија, Крис Ангелков за оваа победа над дискриминацијата на учениците Македонците во Основното училиште во Лалор Север.

### НОВА КНИГА НА ПРОФ.Д-Р ВИОЛЕТА АЧКОСКА "МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ НА БАЛКАНОТ - ВРЕМЕТО НА ИНФОРМБИРОТО"

Во издание на Универзитетот "Скопје" од Скопје, од печат излезе новата книга "Македонското прашање на Балканот - времето на Информбирото" од проф.д-р Виолета Ачкоска.

Рецензенти на монографијата се проф.д-р Никола Жежов и проф.д-р Новица Велјановски. Дизајнот и корицата се на Јане Јанчески, компјутерската подготовка е на Тамара Равњанска Настева, а лектор е Сузана Гоцева.

Во монографијата, проф.д-р Виолета Ачкоска го обработува македонското прашање во: новата и најновата историја, Југословенско-Бугарските односи (1944-1956); Односите со Албанија; и односите со Грција и КПГ. Монографијата содржи е епилог, куси биографски белешки за историските личности и список на кратенки.

Светскиот Македонски Конгрес упатува искрени честитки на проф.д-р Виолета Ачкоска за монографијата, со желби да и' се множат новите книги за македонската историја и за македонското прашање.

# 50-ТИ ЈУБИЛЕЕН ЦРКОВНО-НАРОДЕН СОБИР НА АМЕРИКАНСКО-КАНАДСКАТА МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЕПАРХИЈА ВО МПЦ „СВ. ПЕТАР И ПАВЛЕ“ – КРАУН ПОИНТ, ИНДИЈАНА

## *MACEDONIAN CHURCH CONVENTION 2024*

*PHOTOS: ZORAN BAULOSKI*


























THE LERIN REGION MACEDONIAN CULTURAL ASSOCIATION OF CANADA COMMITTEE

# DANCING AND SINGING, MACEDONIAN FAMILY DAY STYLE!

The Lerin Region Macedonian Cultural Association of Canada was so proud, to again host Family Day at St. Clement of Ohrid, on September 29, 2024.
Heartfelt gratitude to the nearly 200 attendees for coming to join with family and friends, share some delicious food, and enjoy music and song performed by the Sonja and Oliver Band. The camaraderie was felt by all!

A huge thank you to the Lerin Region Committee and their spouses for helping to serve at the luncheon. And a first, live music at Family Day; thank you Sonja and Oliver!We hope to see all of Lerin Region, extended families and friends at our next event on November 16 when we will truly celebrate Macedonian Style, with a band from Mokreni, Lerinsko!

**Mary Outow, President, Lerin Region**












Во чест на 11-ти октомври 1941 година,
Денот на македонското народно востание против германските, италијанските, бугарските и албанските наци-фашисти, Организацијата Обединети Македонци во Канада ќе положи венец пред споменикот на "Паднатите борци за ослободување на Македонија" пред МПЦ Св. Климент Охридски во Торонто.

- петок,11 октомври, во 11:00 ч. - положување венец. Сите Македонци се добредојдени;
- недела 13 октомври, со почеток во 10:00 ч - прославата продолжува на македонскиот парк "Илинден", 21351 ОН-12, Аксбриџ. Донесете ги Вашите семејства и пријатели за добар помин на прекрасен есенски ден со македонски кебапи.




In honour of 11th October 1941, Day of the Macedonian people's revolution against the German, Italian, Bulgarian and Albanian Nazi-Fashists, the Organization United Macedonians Organization of Canada will place a wreath at the monument of the "Fallen Fighters for the Liberation of Macedonia" located in front of the MOC St. Clement of Ohrid in Toronto.

- Friday, 11 October, at 11:00 am, wreath placing. All Macedonians are welcome;
- Sunday, 13 October, starting at 10:00 am, clebration will continue at the Macedonian park "Ilinden", 21351 ON-12, Uxbridge. Bring your families and friends and enjoy a nice fall day with Macedonian kebabs.

# MEMORIAL GALLERIES INC

## ABOUT US

Memorial Galleries Inc. specializes in monuments and memorials, including grave markers and cremation urns with over 20 years of experience. Memorial Galleries has large inventory of beautiful natural granite monuments from traditional to modern monuments designs in many different colors.



**Memorial Galleries Inc. Monument Factory Outlet**

- Custom Design
- Markers
- Etching
- Repainting
- Final Date

Cemetery lettering






Huge inventory for customer selection

## OUR ADDRESS

53 Bertrand Ave. Unit 1
Scarborough ON M1L 4P3

Mail: mark@memorialgalleries.ca
Tel. +1 416-759-0293
Fax. +1 416-759-522

## BUSINESS HOURS

Monday-Saturday 10AM - 6PM
Sunday by appointment.



MEMORIAL GALLERIES MARKHAM LOCATION NOW OPEN!
WE'VE HELPED FAMILIES CELEBRATE AND COMMEMORATE THEIR LOVED ONES FOR OVER 25 YEARS AND OUR NEW MARKHAM OFFICE IS NOW OPEN!
BUY ORTHODOX CROSS AND UPRIGHT MONUMENTS CAN SAVE UP TO 75% THAN CEMETERIES.
VISIT US AT 9390 WOODBINE AVE UNIT 2B11, MARKHAM, ON L6C 0M5. 905-717-5310
You can also visit our monument factory and showroom in Scarborough at 53 *Bertrand Ave, ON M1L4P3.*

# CRIMINAL DEFENCE LAWYER
# ALEXANDER KARAPANCEV

*Have you been wrongly accused or charged with a criminal offence ?*
*Any charge can impact your record and life!*



**Impaired Driving**
**Domestic Violence**
**Sexual Offences**
**Drug Crimes**
**Theft and Fraud**

Don't Wait, CALL NOW!
**(416) 613-9984**
**www.karapancevlaw.ca**

## Dr. Andy Plukov
*Family Dentistry*

*Healthy teeth and gums are a vital part of your overall well being. They are also a part of your appearance and confident smile. We provide dental services in a comfortable, caring and professional environment.*






416-265-0197

716 Gordon Baker Road, Suite #107, Toronto, ON, M2H 3B4

# Превоз на стоки за и од Америка и Канада со брод и авион



Македонија, Србија, Црна Гора, Хрватска, Босна и Херцеговина и Европа.

**ПРЕВОЗ НА СЕ' - ОД ПИСМО ДО КОНТЕЈНЕР**

**Пакети со подароци, пренесување на покуќнина, комерцијална стока, машини, автомобили, бродови, мотори, хуманитарни пратки и друго.**
**Пратките можеме да ги подигнеме од вашата адреса и да ги спакуваме за транспорт.**

**За компании и поединци ги обезедуваме:** потребната логистика при истражувањето на пазарот за увоз и извоз на стоки и услуги, работиме консалтинг, вршиме маркетингшки промоции и сл..На ваше барање извршуваме комплетна царинска процедура и испорака на пратки на посакуваната адреса.

**MTT -GROUP 309 Armstrong Ave. Georgetown, On L7G 4X6**
email: canadatransport1@yahoo.ca Call Centre: 416-251-4544 Cell: 416-939-0513; 226-606-2892; 647-909-0970

# ПАТРИОТСКИОТ ВОЗНЕС НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ДИЈАСПОРАТА (14)

## (Моќта на Џон Битов сениор)

МНК Македонскиот Национален Комитет, Торонто , веќе почнува да ги детализира своите дејствувања за да се движат по вистинската насока. Се вршеше проверка, верификација кон членовите за нивната лојалност, вистинитоста и верноста кон организацијата пред се и на делото за кое положија заклетва за да се доследни, веродостојни, таинствени и со чисто и смело срце. Комитетот исцело се придржуваше на принципите, правилата и начелата што беа зацртани во платформата, правилникот и законот.

Во уставот на организацијата имаше строги и казниви определби, за што имаше избрано одбор " национален суд " обврзан да изрекува дури и смртни казни за оние кои се огрешиле и го повредиле угледот на комитетот посебно оние кој ги издале тајните на организацијата, што го загрозува движењето на ослободителното дело на Македонија.

Еве неколку цитати од наши познати личности што може да го подигне моралот на своите со членови, тоа е само поттик на човечката совест, должностите, вољата и готовноста за да ги извршуваат совесно прифатените задачи.

"О, еве ја таа проста земја од грч, и од чекање што ги научи и звездите да шепотат на македонски, А никој не ја знае". Анте Поповски. Додека Крсте Мисирков со неколку реченици го искажува својот патриотизам кон својата земја Македонска: "Јас како Македонец на прво место ги ставам интересите на мојата татковина и на моите сонародници!...

Членовите на МНК кои се обврзале дека достоинствено ќе се борат за македонската кауза јуначки чекорот по патеките на македонскиот великан Гоце Делчев кој ни кажува како воинствени треба да бидеме: "...Ние се бориме за слободна и независна Македонија со широки права на сиромашното население". Со овие Гоцеви позитивни пораки се потсилува мотивацијата кај нашите иселеници дека борбата за македонската вистина престанува тогаш кога Македонија ќе престане да биде под туѓа доминација.

Протестите што ги организираше Македонскиот Национален Комитет на 25 март токму на денот на државниот празник на Р.Грција, приредуваше тензична атмосфера, затоа што се случуваше на ист ден, на исто место, во исто време пред градската општина во Торонто. На тоа градските одборници со градоначалникот искажаа загриженост поради колизија на двете заедници, грчката и македонската.

Поради овие случувања градоначалникот на Торонто, Арт Еглтон донесе решение да не се издава дозвола за одржување на мирен протест од страна на Македонската заедница. Против оваа одлука Македонскиот Национален Комитет поднесе жалба нотирајќи дека врз македонците се врши дискриминација и повредување на нивните права како граѓани на Канада. Комитетот испрати неколку протестни писма и до други видни претставници на градот Торонто со образложение дека протестот ќе се одвива мирно со запазување на сите законски нормативи без да се нарушува јавниот ред. Но зборот не беше доволен.

Со писмо бевме повикани кај градоначалникот, присуствуваме јас и Коста Тополников. Градоначалникот Арт Егглтон не информираше дека дошол до заклучок дека нема да ни се издаде дозвола од една причина тој нагласи: " На последниот протест јас од прозорецот на мојата канцеларија гледав војна на две етнички заедници, и не сакам таа немила ситуација да се повтори и да гледам повредени лица. Ако сакате да го одржите протестот одборот на градот одлучи како кауција вашата заедница ќе треба да вложи 1 милион долари". Сумата за нас беше голема и ние не сме во можност да ги обезбедиме тие пари. Ни беше дадено три дена за да ги приложиме парите. Македонскиот Национален Комитет одржа итно собрание по овој повод каде беа образложени проблемите за изнајмување дозвола за одржување на протестот закажан за 25 март 1987 година. На состанокот со кој раководеше одборот за организирање на активности, покрај дискусијата за изнаоѓање начин и обезбедување парични средства за да се одржи протестот. Воедно беа разгледани можностите за како да се надминат конфронтациите на протестот за тие да минуваат во посмирена атмосфера, кога се знае дека македонското национално прашање и нашиот белег за националниот идентитет се мошне комплексно прашање, затоа неговото изразување ќе треба да се одвива пред јавноста на мошне цивилизиран и современ стил.



Како заклучок од состанокот беше констатирано дека македонската заедница нема можност да ја обезбеди побараната сума на пари од градот Торонто за да може да се одржи протестот. На крајот одборот ги задолжи Горнан Јовановски и Коста Тополников за да изнајдат нова опција, ново алтернативно решение за да се надмине постоечката ситуација.

Одкако беа испитани сите можности и капацитети се одлучивме како за можно решение да го повикаме македонскиот бизнисмен Џон Битов сениор, во тоа време господинот Битов беше угледен и почитуван и доста влијателен, не само во македонската комуна туку и пошироко, кај голем број политичари на локално и државно ниво, во Канада посебно во Торонто.Битов беше роден во Торонто од родители, татко Никола и мајка Вана родени во селото Габреш, Беломорска Македонија. Неговите родители емигрирале во Канада после првата светска војна во 1919 година. Тој набрзо ја изгради империјата "Битов" корпорација на синџири на храна, а воедно со негова помош во 1978 година беше изграден и старскиот дом "Канадско-Македонско место " за македонци во по изминати години.Тој исто така беше познат и со своите хуманитарни акции во канадското општество, на светска сцена а со донирања многу пати учествувал и за македонските потреби. За неговата хуманитарна помош и активности од Р.Македонија во 1993 година ја доби престижната наградата на 8-ми Септември. А во Канада беше заслужено награден "Орден на Канада". Во едно време корпорацијата "Битов" беше сопственик на кошаркарскиот клуб "Раптори", Торонто заедно со неговиот син Џон Битов јуниор. Џон Битов сениор ја има најголемата заслуга за признавањето на Македонија под уставното име од страна на канадскиот парламент, за таа цел тој формира логистичка група од видни канадски политичари кои лобираа за признавањето на Република Македонија. Големи се заслугите на Битов во македонските работи.

Во канцеларијата на градоначалникот на Торонто бевме повикани на состанок на кој треба да се соопшти одлуката на градскиот одбор за издавање дозвола на македонската заедница од Торонто присутни беа: од Македонскиот Национален Комитет Горнан Јовановски, Коста Тополников и Џон Битов. Од Грчкиот Конгрес, претседателот и еден член.

Одкако градоначалникот на Торонто, Арт Егглтон ги појасни причините зошто не сака да издаде дозвола за македонската заедница да може да одржува протест на исто место во исто време со грчката комуна. Тој предложи нашиот протест да се одржи на друго место или на друг датум, ние инсистиравме тоа да биде на исто време и на исто место. Дискусијата траеше подолго време, градоначалникот настојуваше тоа да се случува на различни места, спротивно на тоа тој стоеше на предлогот македонската заедница да приложи кауција од еден милион долари инаку нема да биде издадено дозвола за протест.

На тоа Битов се растревожи скокна и мавна на масата и со силни зборови ,покажувајќи со прст му се обрати на градоначалникот: " Не заборави господин Егглтон дека јас те поставив на тој стол на кој седеш! Памти го тоа добро! Ако Грците вложат еден милион долари, за македонската комуна јас ќе ставам два милиони, ако тие приложат два милиони јас ќе поставам четири милиони. Македонците имаат исти права на самоискажување како и сите други народи низ светот" рече Битов и ја напушти канцеларијата. Пред затворање на вратата додаде: "Протестот ќе се одржи на она место каде што преферираат македонците. Грција слави слобода а македонците бараат слобода за своите сонародници потчинети кои живеат во нејзината поробена територија насилно одземена во 1913 година од Република Грција. Светот треба да ја разбере вистината за Македонија, и дека секој човек има право на слобода, на самоискажување и самоопределување. Ете таа е разликата на овие два народа, едни се слободни а другите во борба за својата слобода. Очекувам повик за подигнување на дозволата", ја тресна вратата и излезе налутен. Грчките преставници кои беа присутни заедно со нас не испуштија ни глас, останаа стаписани, преплашени од зборовите на Битов искажани на висок тон.По два дена бевме повикани за да ја подигнеме дозволата за мирниот протест. Ние бевме оптимисти дека притисокот на Битов ќе влијае врз градоначалникот и одборниците за да донесат позитивна одлука. Најврвните политичари членови на Конзервативната партија на Канада беа блиски до Џон Битов сениор а многу од нив со неговата помош дојдоа до високи државни функции.

Протестот на Македонскиот Национален Комитет се одржа според предвиденото, и благодарение на инволвираноста на господинот Битов и затоа на 25 Март без проблеми редовно се издаваше дозвола, а протестите со намалена тензична атмосфера, а со засилено полициско обезбедување, сепак го привлекуваше вниманието на илјадници Македонци надојдени со пароли, скандирање "Македонија" и со барање од Грчката влада да им ги даде на Македонците основните човекови и национални права ,за да можат да зборуваат на Македонски и да се здружуваат како Македонци.

Македонскиот Национален Комитет секогаш беше изложен на уцени и закани од Грчката заедница но и од самите македонци кои сакаа да бидат поблизу до југословенските "конзулчиња". Како што знаеше да рече Александар Костов: "Овие наши Титовски "загарчиња" би ја продале својата мајка само за да бидат примени во конзулските дворови, на гозба или на чашка "шливовица".

На 30 Март 1990 година веднаш по протестот организиран од МНК на 25 Март, Грчко-канадскиот Конгрес испрати протестно писмо до радио станицата CJMR 1320 до радио програмата "Македонски свет" чии водител бев јас, тие не обвинуваат дека на 11 Март 1990 година во програмата било забележано говор на омраза од страна на Македонската заедница до канадските државјани од Грчка националност. Но Македонскиот Национален Комитет остро се спротивстави на грчките тврдења кои беа без наоди, Комитетот потенцираше дека изнесување на историски факти на еден народ и неговите историски настани не значат говор на омраза. Оваа не е само единствена клевета од страна на грчките органи, колку пати само грчкиот конзул и амбасадор се служеле со разни инсинуации против членови на Македонската заедница и против нашето постоење како народ. Ама така е кога ние немаме свој конзул кој ќе може да не брани, како поединци и како македонски државјани.



Продолжува
ГОРНАН ЈОВАНОВСКИ

40 ГОДИНИ СО ВАС
MACEDONIA Македонија NEWSPAPER
,,Macedonia,,
newspaper editor Sonja Lozanovska
Phone: 416-827-0954
E-mail macedonia.canada@yahoo.com
http://www.macedonianewspaper.com

# Крстозбор

АВТОР: НИКОЛА ПЕТКОВСКИ



АМЕРИКАНСКИ ИЗРАЗ ВО ДРУГИ ЈАЗИЦИ
ФЕСТИВАЛ ОСНОВАН ОД ВИРЏИНИЈА ЕВАНС
ТЕРИТОРИЈА ПОД ВЛАСТ НА ЕМИР (МН.)
МАШКО ИМЕ / РАП ПЕЈАЧ
К
БРИТАНСКА АРТИСТКА ДЕБОРА
МЕРКА ЗА ЗЕМЈИШТЕ
ГРАД ВО ИТАЛИЈА / АРТИСТОТ НОЛТИ
П
КОСКЕН ОРГАН ВО УСТАТА
Д
РЕВОЛУЦИОНЕРОТ ГРУЕВ / МЕТАР
ДЕЛ ОД УПРАВАТА НА ФИЛМСКИОТ ФЕСТИВАЛ
В
ПРАЗНИК ВО ПРОДОЛЖЕН ВИКЕНД ВО ОКТОМВРИ
А
ИЛИЈА ДИМОВСКИ / БЕЛГИЈА
НЕПРОФЕСИОНАЛИЗАМ
ПОДБИВЕН ИЗВИК ЗА МАЖ / ИЗЕСЛИВ
ДРЖАВА ВО МЕДИТЕРАНОТ / ПРОСТ БРОЈ
ИЗОЛИРАНА ЖИЦА ЗА ЕЛЕКТРИЧНА СТРУЈА
ЏЕК НИКОЛСОН / МЕЛЕЗ
ВТОР ПАТРОН НА ЦРКВАТА СВ. ИЛИЈА, МИСИСАГА
С
ПОЧВА / ИТАЛИЈАНСКИ ПОЕТ ДАНТЕ



ЗАВРШЕН ЗБОР НА МОЛИТВА
РЕКА ВО МАКЕДОНИЈА
ТИТАН, ЏИН (МН.)
ВИД ДИВО ЖИВОТНО
АНГЛИСКИ ДРАМСКИ ПИСАТЕЛ ТОМАС СТЕРНС
КАЛИУМ / ИСТИ БУКВИ
ОСТРОВ НА ЈАДРАНОТ
ЛИЧНА ЗАМЕНКА / ЕКС ГЛАВ. ГРАД НА НИГЕРИЈА
ПЛИВАЧОТ НЕСТОР / ПОКРАИНА ВО КАНАДА
Е
Л
„КЛАСА“ / ПЕЈАЧОТ РАХИМОВСКИ
СВЕТЛА СМЕСА ЗА ПРЕМАЧКУВАЊЕ САДОВИ
ЛИЧНА ЗАМЕНКА / СОРТА ВИШНИ
ОПЕРИСТКА КУНЦ / ХРВ. ФУД. ГОЛМАН СТИПЕ
КИСЛОРОД / ОРЦЕ НИКОЛОВ
АВСТРИЈА
„СРЕДНА СТРУЧНА СПРЕМА“
С
М
МАШКО ИМЕ / ДЕЛ ОД ТЕЛОТО
АМПЕР / МУСЛИМАНСКИ СВЕШТЕНИЦИ
ЕДВАРД „ГРИГ“ / СТРАНСКО ЖЕН. ИМЕ (АБИГЕЈЛ)
П
ПОЛИТИЧАРКАТА БАНДАРАНАИКЕ / ИТАЛИЈА
П
ГЛАВЕН ГРАД НА ПАКИСТАН
ХЕМИСКИ СОЕДИНЕНИЈА / ХЕБРИДСКИ ОСТРОВ



ВИД МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТ
Д
ИВАН ЛЕНДЛ / СОВРШЕНСТВО
К
СТРУМИЦА / ЕЗЕРО ВО СЕВЕРНА АМЕРИКА
ПОТВРДА / ВИД БЕНИГЕН ТУМОР
ПОЛИТИЧАРОТ НКРУМАХ
СВРЗНИК / ПРВАК, ШАМПИОН
НЕУТРОН / ПРОПИС, ПРАВИЛО
АРТИСТОТ ХАРИС
СУЛФУР / АФРИКАНСКИ ПОЛИТИЧАР ЏОШУА
А
ДОБРО / КРИПТОН
ГРАД ВО БЕЛГИЈА
СЛИКАРКАТА ТЕМКОВА
СКОПЈЕ / НАПРАВА ЗА СИМУЛАЦИЈА
ЕГЕЈСКИ ОСТРОВ / ВИД СВЕШТЕНИЧКА ОБЛЕКА
МЕСТО БЛИЗУ ВИНИЦА
АМЕРИКАНСКИ АРТИСТ ФРЕД
А
УНГАРСКО МАШКО ИМЕ
ПАПАГАЛ / АРТИСТКАТА ПУГАЧОВА
А
СЕВЕР / ВОДОРОД
РАДИУМ / ЈУНАК ОД СЕРИЈАЛОТ ХАРИ
ЗАГАР / АКОНТАЦИЈА
Ц
ЕДЕН ОД СЕДУМТЕ АПОСТОЛИ / ИТАЛИЈАН. ВЕСНИК
„НАРОДЕН МАГАЗИН“ / КУЈНСКИ УРЕД
ВИД АМБАЛАЖА / НОРВЕШКА
СТАДИОН ВО ВАЛЕНСИЈА / ВИД ТРЕВА
РЕКА ВО СРБИЈА / НАРОД
ИТАЛИЈАНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
И
СЛАДОК КРЕМ ОД ЛЕШНИК / „КУ КЛУКС КЛАН“
РАДИУС / ГОРГИ КРАТОВСКИ
ФИЛИЈАЛА / КАВАДАРЦИ
СНАГА, ТРУП (МН.) / МЛАДО МАГАРЕ
МАРИОВСКО ДРУШТВО ВО КАНАДА / ИСТОК
В
УРЕДН. НА „ПОДОБАР БАЛКАН“ / МУСЛИМ. СВЕШТЕН.
УСТРЕЛ, ГАВОЛ
РЕДЕН БРОЈ / НАТРИУМ
ОТИС ТОРП / „НАРОДНА БАНКА“
НАЈГОЛЕМ МОРСКИ ЦИЦАЧ / ИСТИ БУКВИ
ИЗРАБОТУВАЧИ НА НАЛАНИ / НАСЕЛЕНО МЕСТО
САТЕЛИТ НА ЈУПИТЕР / СИМЕНС
Н
УТВРДЕН РИД НАД ШТИП



**РЕШЕНИЕ:** АМЕРИКАНИЗАМ, ИД, АМАТЕРИЗАМ, БРЕ, КИПАР, КАБЕЛ, ЦН, ТЕРЕН, АМИН, ВАРФАР, КУНА, ЕЛИОТ, К, ОЛИБ, ТИ, НИКО, ЕМАЈЛ, ЛАГОС, КЛ, ТАА, ЗИНКА, О, А, ЕГ, ПЛЕТИКОСА, СИРИМАВО, ПАРАФИНИ, ИСЛАМАБАД, ТИРИ, ОКАРИНА, ДА, ИЛ, КВАМЕ, СР, МИОМ, А, ИЛИ, Н, ЕД, С, АНА, АРНО, ГЕНК, СК, ИОС, ЦЕЛОФАН, АРХИП, НА МА, Н, МЕСТАЉА, МОРАВА, ИСПОСРАВА, НУТЕЛА, Р, КА, ТЕЛА, КАЛЕШ АНЃА, ВАМПИР, НИК ЦАРОВСКИ, ПРВ, ОТ, КИТ, НАЛАНЦИИ, ЈО, НАСЕЛБА, ИСАР

**На 3 октомври 1995 година** врз претседателот на Република Македонија Киро Глигоров е извршен атентат. Глигоров го преживеа атентатот со тешки повреди во пределот на главата. На местото на атентатот загина неговиот шофер Александар Спировски, а е повреден телохранителот на Глигоров, Илчо Теовски.




**На 5 октомври 1995 година** Собранието на Република Македонија со 110 гласови „за“ и само еден воздржан од присутни 111 пратеници, едногласно го усвои Законот за знамето на Република Македонија.

**На 6 октомври 1014 година** починал Цар Самоил (958 - 6 октомври 1014) — средновековен македонски владетел кој на преминот од X кон XI век формирал пространо царство на територијата на Балканскиот Полуостров.

Државата која ја создал е позната како Самуилово Царство Македонско словенско царство, Македонско царство.

Македонските историчари го именуваат Самоил како македонски цар, истакнувајќи дека тој учествувал во бунтот на комитопулите 969 година, кога била отфрлена бугарската врховна власт во Западна и Југозападна Македонија и биле поставени темелите на македонската средновековна држава, која по него е именувана како Самуилово Царство, најголема ранофеудална државна творба на Балканот. Во негово време македонската средновековна држава го достигнала врвот во својот развиток.

Починал во Преспа од срцев удар, потресен од морничавата глетка кога ги видел своите ослепени војници што му ги испратил Василиј. Бил оженет со византиската благородничка Агата од Драч, со која имал четири ќерки и синот Гаврил Радомир. Зачуван е неговиот натпис (992/3), во спомен на родителите и на братот Давид. На 28 јуни 2011 година на централниот плоштад во Скопје бил поставен монументален мермерен споменик на Самоил.

**На 9 октомври 1967 година** во Собранието на СР Македонија, под претседателство на д-р Милан-Бартош, е одржана седница на Матичната комисија за формирање на Македонската академија на науките и уметностите, на која е извршено конституирање на МАНУ.

**На 10 октомври 1946 година** во Скопје, во црквата „Свети Спас“,
со сите државни почести и пред повеќе илјади граѓани од цела Македонија, беа положени моштите на истакнатиот македонски револуционер и идеолог Гоце Делчев, кои два дена порано македонската делегација ги донесе од Софија. Македонците во знак на почит на долгиот пат го носеле три дена, на 7, 8 и 9 октомври 1946 година, за следниот ден, 10 октомври, неговите коски да бидат положени во саркофагот во црквата “Св. Спас“ во Скопје. На патувањето од Софија до Скопје, цела Пиринска Македонија биле на нозе, исто како и Струмица, Штип и сите други места, коските на Гоце Делчев минувале низ Горна Џумаја (денес Благоевград), Свети Врач (денес Сандански), Разлог, Банско, Неврокоп (денес Гоце Делчев), Мелник, Петрич од страна на НР Бугарија, а од другата страна, во НР Македонија низ Ново Село, Струмица, Радовиш, Штип и Велес. Сите масовно му оддавале почит на идеологот на македонското револуционерно движење и тоа чествување е едно од најголемите во историјата на современата македонска држава.

**11 октомври е Ден на востанието на Македонија или Ден на народното востание на македонскиот народ.Востанието е против фашизмот и со тоа започнува борбата за ослободување на македонскиот народ.**

Тоа е важен меѓник во борбата за самобитност и самостојност на македонскиот народ. Со својата вооружена борба, Македонија не станала квислиншка територија, туку, напротив, жешко подрачје за окупаторот и дала свој придонес во победата над фашизмот во Втората светска војна.

По фашистичката агресија и окупацијата на Југославија во 1941 година, Македонија повторно е поделена, овојпат помеѓу италијанскиот и бугарскиот окупатор.

За почеток на востанието против фашизмот во Македонија се смета нападот кој Прилепскиот партизански одред „Гоце Делчев“ го извршува во Прилеп на 11 октомври 1941 година. Во нападот учествуваат 16 партизани, распределени во три групи. Првата го напаѓа бугарскиот полициски участок, втората - затворот, а третата има задача да ги прекине телефонските врски и електричната инсталација.

Дејствија има и во Кумановско. На 12 октомври 1941 година, во областа Студена вода е формиран Кумановскиот (Козјачки) партизански одред, а во областа Менкова колиба Карадачкиот партизански одред. При првите судири со бугарската војска овие партизански одреди биле разбиени. Карадачкиот одред е разбиен на 14 октомври, а Козјачкиот одред - на 17 октомври. Скопскиот партизански одред, формиран веќе во август, не зема учество во овие настани, бидејќи борците не биле известени.Иако активноста на овие први партизански одреди е скромна, таа претставува иницијална каписла за продолжување на борбата.



**На 16 октомври 2007 година** во сообраќајна несреќа во Хрватска трагично настрада Крушевчанецот Тодор „Тоше“ Проески (25 јануари 1981 - 16 октомври 2007) — познат македонски пејач и една од најголемите ѕвезди на балканската музичка сцена, каде што е доживуван како заштитен знак на Македонија. Музичката кариера ја започнал со настапот на прилепскиот фестивал Мелфест во 1997, каде што и победил изведувајќи ја песната Yesterday од Битлси. Патот кон ѕвездите му го отвораат песните Пушти ме (1997) и Остани до крај (1998). Имал блиска соработка со голем број на влијателни балкански и светски музичари и композитори. Се смета дека подемот во неговата кариера започнал по изведбата на песната Твоите бакнежи на моите бели кошули на Скопскиот фестивал во 1999 година. Во 2004 година бил прогласен за Амбасадор на добрата волја на УНИЦЕФ. Негов заштитен знак е познатиот израз Ве сакам сите.

Постхумно бил прогласен за заслужен граѓанин на Македонија. Денот на неговиот погреб, 17 октомври, бил прогласен за Ден на национална жалост.

**На 23 октомври 1893 година** во Солун е основана Македонската револуционерна организација. Имено на 23 октомври 1893 година во куќата на солунскиот книжар Иван Хаџи Николов во Солун се собрале шестмина млади мажи за да ги ставаат основите на тоа, коешто ќе стане симбол и знаме на борбите на Македонците за слобода. Основоположниците биле: Христо Татарчев, Даме Груев, Петар Поп Арсов, Иван Хаџи Николов, Антон Димитров и Христо Батанџиев. Тие основаат конспиративна група, нарекувајќи ја македонски револуционерен комитет.

Организацијата се борела за ослободување на Македонија со сопствени сили, без помош од надвор. Формирањето на МРО значело почеток на организираното македонско револуционерно движење кое преку Илинден 1903 и Крушевската република, а потоа преку НОБ резултира со создавање современа самостојна македонска држава. Овој датум се поврзува со организираната борба на македонскиот народ и народите кои живееле во Македонија за формирање независна држава. Во политичка смисла, борбата за автономија значела формирање самостојна држава и затоа 23 октомври симболизира континуитет на македонската борба за независност.

**На 28 октомври 1947 година** во Скопје, во киното „Култура“, филмските работници на Македонија го организираа првиот филмски преглед. Во него е прикажан секојдневниот живот во републиката, активностите на градежништвото, прославата на 9 септември во Пиринска Македонија и бербата на памукот во Струмичко. Сниматели беа Трајче Попов и Благоја Дрнков.

**На 31 октомври 1924 г.** во текот на Првиот меѓународен конгрес на штедилниците (Светско друштво на штедилници) во Милано, Италија на последниот ден од конгресот, проф. Равица го прогласил тој ден за меѓународен ден на штедењето.Идејата наишла на одобрение од 29 земји кои сакале да ја потсетат светската јавност на штедење, и важноста на штедењето за економијата и поединецот.

Празникот се одбележува на 31 октомври, освен во земјите кајшто тој ден е државен празник. На тој ден банките се отворени, за граѓаните да можат да внесат средства на својата штедна сметка. Покрај горенаведеното, во Република Македонија синдикатот на финансиските организации доделува награди и пофалници за најдобрите работници од оваа дејност.





Owners Robert Gill and Sue Eastwood

WORKPLACE SAFETY
RMG
rmgconsulting.ca

RMG are official IHSA COR external auditors. Our team of safety professionals can conduct your COR External Audit. Additionally, we can manage your safety program and assist in preparing your company for internal and external audits.

COR IHSA.ca Work Safe for Life








## We are a premier boutique provider of occupational health and safety services.

We are approved by the Ministry of Labour, Immigration, Training and Skills Development to deliver Working at Heights and Working at Heights Refresher Training as well as Joint Health and Safety Committee Certification (JHSC-Part 1/Part 2/Refresher). We provide site safety inspections, consulting, administrative and management support. We offer all kinds of OHS training at our exclusive 4500 square foot training center located in Vaughan.




For more information
**CALL OUR TEAM**
**905 761 9030**
www.rmgconsulting.ca | sue@rmgconsulting.ca

# Macedonian Cooking with Sue Eastwood








**Happy Autumn!**

There is a chill in the air, a rustle of leaves in the trees and spicy smells in the air of bonfires and branches. We are cozy in sweaters and heavier clothing. It is also time to explore seasonal foods that are also traditional Macedonian meals this time of year.

Autumn dishes are comforting, they wrap our souls like a blanket. This month I am featuring two great vegetables that we will transform easily into nutritious traditional Macedonian classic dishes.



Time is always an issue for me, I get home from a full day at work and I want nutrition, great food, and non complicated options that make dinner an event that everyone looks forward to. My versionof cabbage stew is simple, but big on taste. As with most of my





recipes, do not worry if you need to improvise or omit. It will be fine.

Macedonian style cabbage stew. I learned this recipe from my mother and she learned it from her elders living in Bukovo and Dolno Srpci. Rob and I love it so much and have it often.

It's light and healthy but most important - it's delicious !

I used smoked pork hock in it this time.

The recipe I use as a guide is below , I add everything and let it simmer for a few hours on the stove in a big pot.

1/2 chopped cabbage
Smoked pork hock( however much you want ) chopped
2 chopped tomatoes
2 chopped peppers
1 chopped onion
3 cloves garlic chopped
1/4 cup oil
Tablespoon smoked paprika
Vegeta to taste
About 4 cups water

## Tikvarnik



I dropped in for coffee and mom had this. Dad was cracking jokes and cracking himself up which in turn cracked me up

Here is a rarely seen or shared old school traditional Macedonian recipe.

This recipe is from my mom, Bona Straklevski ( Gligurovska) who was born in Bitola and whose family is from Dolno Srpci ( very close by).

My mom is an excellent cook , and continues to be my biggest inspiration.

This dish is called " Tikvarnik".

Note: when Macedonians cook with Teekvah, they are usually talking about the green type in the photo. Squash and pumpkin are both types of " teekvah".

It is much healthier than the pumpkin pie that is store bought. This is crustless, it can be cut into squares or slices. This is a traditional Macedonian dessert. My grandparent's generation sprinkle paprika on it, but a modern twist would be cinnamon and brown or white sugar.

Mom learned by watching my grandmother Milka, like so many of our older relatives did.

Pumpkins or Teekvah, grow in abundance in this part of Macedonia, so Macedonians make great use of it. This is a type of dessert that would be had at the end of a meal or as a snack. It's flavourful, bursting with the wholesome taste of slightly sweetened roasted pumpkin.

My mom's old school recipe is carried down from generation to generation.

Mom sprinkled this with paprika, as her mother used to. If you like



it sweeter, add more sugar.

Enjoy this rarity.

Bona's Tikvarnik ( pumpkin squares)

Ingredients
1 medium squash
1/2 cup butter (softened )
1/2 cup milk
3 eggs
1/3 cup sugar

Method
1) quarter and peel away squash and steam ( like you would potatoes)
2) mash cooked squash and add all other ingredients.
3) spread evenly in 9x9 inch baking pan
4 bake at 325F for 55 minutes until golden on surface and set.



# WE STRIVE TO BRING THE MACEDONIAN AND CANADIAN CULTURES CLOSER TOGETHER










## Our Vision

To be recognized within the community as a home that celebrates the Macedonian culture and heritage and provides accommodations for Seniors capable of living independently.

## Our Values

We play a vital role in support of Macedonian heritage and culture. We strive to bring the Macedonian and Canadian cultures closer together. We wish to create and support community involvement. We show respect, and support the feeling of self-dignity, to all our residents. We help bring a healthy lifestyle to the individuals that reside in CMP. We support and encourage family involvement and care.
We value diversity in ethnicity.

## Our Mission

To provide quality, affordable accommodations and companionship to Seniors of all backgrounds with an
aim to encourage the vibrant Macedonian culture in the city of Toronto, Ontario and all of Canada.

## Goals

Support and celebrate the Macedonian culture
; Offer companionship to all residents; Provide quality accommodations;
Provide affordable housing

## Be a Volunteer

We support High School Volunteer Credits.

Our many fundraising events welcome your volunteer time and talents!







**850
O' Connor Drive
Toronto On
M4B 3L6**

Apartments for senior citizens 65+
Fully renovated one - bedroom suites with full kitchen
Bathroom with shower stall especially designed for seniors

Limited subsidy available, subject to eligibility Balcony or patio walk out;
Outdoor parking available
For more information please call at 416-755-9231
Zlatka Cokov or Margarita Donakovski or Snezana Jakimovska.

**Amenities**
Macedonian Place offers a lower lounge with a cozy fireplace and bar over looking the ravine. The ceiling has engraved walnut wood panels and a beautiful chandelier. There are glass display cases with traditional folk costumes and artefacts as well as trophies from the Macedonian Golf Tournament which first took place in 1942. The Front Lounge with a cozy fireplace and three wall murals depicting the life in the "old country", provides a warm and inviting place to enjoy the day.
-On the Main Floor next to the Lounge is the Entertainment Lounge/TV Room where residents watch their favourite shows or sports games. Outside, the walkways and gardens offer a lovely setting, set in an active area of East York, is within walking distance of many facilities. The TTC stops at our door.

**Nearby: Restaurants; Drug Stores;Banks;Beauty Salons;Bowling Alley;Transit Stops**

Канадско-македонскиот дом располага со апартмани
за лица над 65 години;
Целосно реновирани апартмани со спална, дневна, кујна, балкон
и бања со туш;
Располагаме и со паркинг места за станарите;
Можете да аплицирате за намалена кирија која е ограничена
и предмет на квалификација.

За повеќе информации јавете се кај:
Златка Чоков, Маргарита Донаковски или Снежана Јакимовска

на тел. број: 416-755-9231

ZCokov@CanadianMacedonianPlace.com
MDonakovski@CanadianMacedonianPlace.com
sjakimovska@canadianmacedonianplace.com

AR All-Risks Insurance
BROKERS LIMITED
Auto | Home | Life | Commercial
Tommy A Boichevski Managing Partner
511 McNicoll Avenue, Suite 202, Nort York, ON, M2H 2C9
Bus:416.628.7949 Fax:1.855.552.7329
Cell:416.986.9973 E-mail: tboichevski@all-risks.com







## МАКЕДОНЦИ СЕ СОПСТВЕНИЦИ НА НАЈДОБРИОТ РЕСТОРАН ЗА ПОЈАДОК И РУЧЕК ВО НИЈАГАРА ФОЛС

Ако ве нанесе патот во Нијагара, кај популарните Нијагарини Водопади, нема потопло и попријатно место за појадок или вкусен ручек од семејниот ресторан Scoops во сопственост на Охриѓаните Наум и Весна Мургоски. Ќе ве пречекаат и испратат со срдечно македонско добредојде и со здравје. Екипата на весникот ,,Македонија,, го посети ресторанот каде што и лично се увери во гостопримството и квалитетот на услугите.



### MACEDONIAN BEST BREAKFAST PLACE IN NIAGARA FALLS

If you're in Niagara Falls and are looking for somewhere to eat, look no further than Scoops Restaurant! They serve the tastiest breakfast items, and are perfect for brunch!

| | |
|---|---|
| Monday | 8:00 AM - 2:00 PM |
| Tuesday | 8:00 AM - 2:00 PM |
| Wednesday | 8:00 AM - 2:00 PM |
| Thursday | 8:00 AM - 2:00 PM |
| Friday | 8:00 AM - 2:00 PM |
| Saturday | 8:00 AM - 2:00 PM |
| Sunday | 8:00 AM - 2:00 PM |






8123 Lundy's Ln, Niagara Falls, ON L2H 1H1, Canada







**Такси Томче Битола**

Доколку имате потреба од превоз од и до аеродромите во Скопје, Солун, Софија, Приштина и други градови јавете се кај Томче.

Такси превоз низ цела Македонија и надвор од неа.
25 годишно искуство како професионален такси возач.
**Тел: 070 743 330**

**MACEDONIAN RADIO PROGRAM**

https://www.youtube.com/user/OroMakedonskoChicago

**Oro Makedonsko**
https://www.facebook.com/oro.makedonsko

*Boshko Rajchovski - Pelisterski*
*810-335-5552*



**Подготвил Отец Сашо Целески, парохиски свештеник**
**во МПЦ Св.Климент Охридски, Торонто**
**Macedonian Orthodox Calendar 2024 (by father Sasho Celeski)**

| 2024 | | | ОКТОМВРИ 31 ден |
|---|---|---|---|
| Д | нов | стар | ЛИСТОПАД |
| В | 1 | 18 | Преп. Евмениј Чудотворец |
| С | 2 | 19 | Св.Трофим,Саватиј и Доримедонт |
| Ч | 3 | 20 | Св. вмч Евстатиј и Теописта |
| П | 4 | 21 | Св. Кодрат *Одд на Крстовден* |
| С | 5 | 22 | Св. пр. Јона; свешт-мч. Фока Синополски; св. Петар Милос. |
| | | | Недела 15. по Педесетница, Гл. 6; Ев. В. 4; на Литургија Апостол 2 Кор (4, 6-15); Ев. Мт 92 (22, 35-46) |
| Н | 6 | 23 | Собор Макед. светители; Зачнување на св. Јован Крстител |
| П | 7 | 24 | Св. првомч-чка и рамноапостолна Текла Иконинска |
| В | 8 | 25 | Преп. Ефросинија; преп. Сергиј Радонешки |
| С | 9 | 26 | † Упок. на св. Јован Богослов; преп. Нил Калабриски |
| Ч | 10 | 27 | Св. мч. Калистрат и др.; св. мч-чка Акилина |
| П | 11 | 28 | Преп. Харитон Исповедник (Востание на Р. Македонија) |
| С | 12 | 29 | Преп. Киријак Отшелник; св. Теофан Милостив |
| | | | Недела 16. по Педесетница Гл. 7; Ев. В. 5; на Литургија Апостол 2 Кор (6, 1-10); Ев. Мт 105 (25, 14-30) |
| Н | 13 | 30 | Св. свешт-мч. Григориј Ерменски; св. Михаил Киевски |
| П | 14 | 1 | † **Покров на Пресвета Богородица;** св. Јован Кукузел |
| В | 15 | 2 | Св. Андреј Јуродив; св. свешт-мч. Кипријан и мч. Јустина |
| С | 16 | 3 | Св. свешт-мч. Дионисиј Ареопагит; преп. Јован Хозевит |
| Ч | 17 | 4 | Св. свешт-мч. Еротеј; преп. Амон; преп. Павле Препрост |
| П | 18 | 5 | Св. мч. Харитина; св. свешт-мч. Дионисиј Александриски |
| С | 19 | 6 | † Св. ап. Тома; преп. нмч. Макариј |
| | | | Недела 17. по Педесетница, Гл. 8; Ев. В. 6; на Литургија Апостол 2 Кор (6,16-7,1); Ев. Мт 62 (15,21-28) |
| Н | 20 | 7 | Св. мч-ци Сергиј и Вакх; св. мч. Полихрониј |
| П | 21 | 8 | Преп. Пелагија; преп. Таиса; св. мч-чка Пелагија |
| В | 22 | 9 | † **Св. ап. Јаков Алфеев**; св. праотци Авраам и Лот |
| С | 23 | 10 | **Св. Теофил Струмички**; св. мч-ци Евлампиј и Евлампија |
| Ч | 24 | 11 | Св. ап. Филип; преп. Теофан Нацртан |
| П | 25 | 12 | Св. мч-ци Тарах, Пров и Андроник; преп. Козма Мајумски |
| С | 26 | 13 | † **Св. нмч-чка Злата Мегленска**; св. мч-ци Карп и Папила |
| | | | Недела 18. по Педесетница, Гл. 1; Ев. В. 7; на Литургија Апостол 2 Кор (9, 6-11); Ев. Лк 17 (5, 1-11) |
| Н | 27 | 14 | Преп. Параскева – Петка (Петковден) |
| П | 28 | 15 | Преп. 40 Битолски нмч-ци; преп. мч. Лукијан Антиохиски |
| В | 29 | 16 | Преп. мч. Лонгин Антиохиски; преп. Лонгин Печерски |
| С | 30 | 17 | Св. пр. Осиј; св. Андреј Критски; св. Лазар Четиридневен |
| Ч | 31 | 18 | † **Св. ап. и ев. Лука; св. Константин Кавасила** |

| 2024 | | | OCTOBER 31 Days |
|---|---|---|---|
| D | new | old | ORTHODOX CALENDAR |
| T | 1 | 18 | St. Eumenius the Wonder. |
| W | 2 | 19 | St. Trophimus, martyr |
| T | 3 | 20 | St. Eustathius, Great martyr |
| F | 4 | 21 | St. Codratus, *(Apod. of Elev.)* |
| S | 5 | 22 | St. Phocas, heiromartyr; St. Jonah, prophet |
| | | | 15th Sunday after Pentecost, Tone 6; Res. Gospel 4; on Divine Liturgy: 2 Cor. (4, 6-15); Mt. 92 (22, 35-46) |
| S | 6 | 23 | **Synaxis of the Macedonian Sts.** Concep. of St. John, Baptist |
| M | 7 | 24 | St. Thecla, protomartyr |
| T | 8 | 25 | Venerable Euphrosyne |
| W | 9 | 26 | † **St. John the Divine, Apostle and Evangelist** |
| T | 10 | 27 | St. Callistratus, martyr; St. Aquilina, martyr |
| F | 11 | 28 | Venerable Chariton, the Conf. (Holyday of Rep. Macedonia) |
| S | 12 | 29 | Venerable Cyriacus, the Solitary |
| | | | 16th Sunday after Pentecost Tone 7; Res. Gospel 5; on Divine Liturgy: 2 Cor. (6, 1-10); Mt. 105 (25, 14-30) |
| S | 13 | 30 | St. Gregory, the Illuminator, Bishop of Armenia |
| M | 14 | 1 | † **Protec. of Mother of God; St. John Kukuzelis** |
| T | 15 | 2 | St. Cyprian, hieromartyr; St. Justina |
| W | 16 | 3 | St. Dionisus, hieromartyr |
| T | 17 | 4 | St. Herotheus, hieromartyr |
| F | 18 | 5 | St. Charitina, martyr |
| S | 19 | 6 | † **St. Thomas, apostle** |
| | | | 17th Sunday after Pentecost Tone 8; Res. Gospel 6; on Divine Liturgy: 2 Cor. (6, 16-7,1); Mt. 62 (15,21-28) |
| S | 20 | 7 | Sts. Sergius and Bacchus, martyrs |
| M | 21 | 8 | Venerable Mother Pelagia, Venerable Taisa |
| T | 22 | 9 | † **St. James Alpheus, apostle** |
| W | 23 | 10 | **St. Theophilus of Strumica**; Sts. Eulampius and Eulampia |
| T | 24 | 11 | St. Phillip, apostle |
| F | 25 | 12 | Sts. Probus, Tarachus and Andronicus, martyrs |
| S | 26 | 13 | † **St. Zlata of Meglen, martyr; Sts. Carpus and Papylus** |
| | | | 18th Sunday after Pentecost, Tone 1; Res. Gospel 7; on Divine Liturgy: 2 Cor. (9, 6-11); Lk. 17 (5, 1-11) |
| S | 27 | 14 | Ven. Mother Paraskeva (St. Petka) |
| M | 28 | 15 | Venerable Ethemius of Solun |
| T | 29 | 16 | St. Longinus the Centurian, martyr |
| W | 30 | 17 | St. Hosea the Prophet |
| T | 31 | 18 | †**St. Luke,the Apostle and Evangelist;** St Constantin Cavasila |





*Funeral planning can get overwhelming, but you're not alone. Our staff is here to support you and help you through your grief journey while honoring your loved one. To help you get started, below is some helpful information. But please feel free to contact us with any questions.*

HERITAGE FUNERAL CENTRE
O'Connor Bros. & Ralph Day Chapels

# Афоризми

**-Мошне беден е оној среќник што никогаш не заплакал!**
**-Бракот е лотарија во која мажот на коцка ја става својата слобода, а жената својата среќа.**
**-Често се каеме за тоа што сме го кажале, но никогаш за тоа што не сме го кажале.**
**-Сите мисли што имаат големи последици секогаш се едноставни.**
**-Подобро е да ти завидуваат, отколку да те сожалуваат.**
**-Мажот е љубоморен ако љуби; Жената иако не љуби.**
**-Се лутам кога се лутам сам на себе, па мора и сам на себе да си простувам.**
**-Се лутам што се лутам - и тоа дупло.**
**-Никогаш не смееме да заборавиме дека на друштвотот му е помило да го забавуваме, отколку да го подучуваме.**
**-Не е достоен да живее оној што нема ниту еден добар пријател.**
**-Мажот е стар колку што се чувствува стар, а жената колку што изгледа.**
**-Природата на мажот можат да ја изменат само две работи: парите и жената.**
**-Годините не создаваат мудреци: Тие создаваат само старци.**

***Автор Ташко Кубановски***

# Македонски Вицови

## ЗАФРКАНЦИЈА

Проаѓал некој човек покрај гробиштата и видел огромен камен на кој пишувало: „Брате македонски, ако си прав брат и пријател, помогни ми и помести го овој камен што ми стои на душава и олесни ми ги маките".
Човекот пробал да го помести каменот, туркал, влечел и после 2 часа мачење и килавење, сиот мокар од пот, успеал да го помести каменот…
А, под каменот пишувало:
„Брате македонски, ако си прав брат и пријател, и ако си вистински Македонец, врати го овој камен назад за да зафркниме уште некој…"

## ШТРАЈК

Кога штрајкуваат млекарите, го истураат млекото.
Кога штрајкуваат земјоделците, истураат овошје и зеленчук.
Сега чекам банкарите да почнат да штрајкуваат!!!

## СКРЖАВЕЦ

Купува скржавец чоколада за да ја израдува жена си дома:
– Еве ти срце една коцка да се заблажиш.
– Зашто само една?!
– Па останатот спакувај го и чувај го за децата.
– Кои деца, па ние немаме деца?!
– Што се секираш, ќе имаме некогаш.

## ЗАТВОР

Цветко си збори сам на себе:
– Не пијам.
– Не пушам.
– Си легнувам во 10 вечер, а станувам во 6 сабајле.
– Тивок сум, мирен и послушен… ама кога ќе излезам од затвор, се ќе се смени!

## ПОДЕЛБА

Трпана лута на Трпе му вика:
– Слушај Трпе! Вака повеќе не може! Мора и ти нешто да помагаш во куќава.

– Добро жено. Ајде да ги поделиме работите. Ти земи ги полесните: ручек да направиш, да зачистиш, да заперешь… А јас ќе ги земам потешките и поодговорни работи: меѓународна политика, стопанство, спорт…

## КАДЕ ЖИВЕЕШ

Каде живееш?
-Во куќа.
-А каде ти е куќата?
-Веднаш до комшијата.
-А каде е куќата на твојот комшија?
-Ако ти кажам нема да ми веруваш.
-Те молам кажи!
-До мојата!

## ДВАЈЦА ВО КАФЕАНА

Седат двајца во кафана и едниов му вика на другиов "Знаеш дека спиев со мајка ти!" И штама, цела кафана гледа сеир да види што ќе каже другиот. Другиот се насмевнува и вика "Ајде да си одиме дома тато, многу си пијан"

## БАБА

Поминува баба покрај гробарот и му вели:
- Внучко, каде се наоѓа гробно место бр. 128?
- Незнам бе бабо, ти па шо си станувала ко незнајш да се вратиш

## БАКСУЗ

– Маро, памтиш ли еднаш кога ги потрошив сите наши пари на покер и сите ми се смееја – ти беше до мене?
– Памтам драги!
– А памтиш ли кога имавме сообраќајка и еден месец лежев во кревет, ти пак беше до мене?
– Памтам, срце мое!
А памтиш ли кога почнав свој бизнис и кога ми пропадна, ти пак беше до мене?
– Секако дека памтам!
– И сега, откако се разбудив после една година во кома, ти пак си до мене?
– Да, миличок!
– Знаеш ли што си мислам, Маро?
Мара замислено:
– Што драги?
– Голем баксуз си ми мори Маро!

## ПРОСЕЧЕН МАКЕДОНЕЦ

-По една статистика, Македонски државјанин во просек пешачи 1500 км. годишно.
-По друга статистика, Македонски државјанин пие 90 литри алкохол годишно.
Заклучок:
-Просечен Македонец троши 6 литри на 100 км.

## МОСТ

Отишол наш политичар кај негов колега во Грција, и што да види: Куќа на 3 спрата, базен, два Мерцедеса во дворот...
-Како ли го стекна ова богатство, колега?
А Гркот вели:
-Го гледаш мостон онаму?
-Го гледам, вели нашиов.
-Е, тој требаше да биде долг 200 и широк 25 метра, а јас го изградив 100 на 10, и од таа разлика е сево ова.
Нашиов фасциниран. Мора и он да го направи истото.

По 2 години ете го Гркот кај нашиот политичар, и што кје види: Куќа на 5 спрата, 2 базена, 2 Ролс Ројса во градината...
-Како па ти го стекна ова??? Прашува Гркот, а нашиот му вели:
-Го гледаш мостон онаму?
-Не, кој мост???
-Еееее....

# НАПРАВИ САМ

Во оваа рубрика НАПРАВИ САМ ќе може да се запознаете како да направите прекрасен дизајн, декорација, украс, нова облека, разни акцесорис за вас лично или во вашиот дом. Изработката на сите предмети е рачна и понекогаш на машина за шиење. Материјалите кои ги користам во изработката на предметите и облеката се веќе искористени или постоечки во некој друг дезен и вид, кој се разбира не ни треба повеќе. Рециклирањето е број еден за заштита на нашата убава планета земја. Затоа да бидеме инвентивни и да направиме нешто убаво и корисно!







Да почнеме:
Денес ќе ви дадам идеја како да направите тиролка по ваш број:
**1.Тиролка;**
**2. Шарен материјал ;**
**3. Копчиња;**
**4.Ножици;**
**5.Машина за шиење.**
Според вашите димензии на струкот ќе го скроите со ножиците шарениот материјал. Тиролката ќе ја пресечете од страните и на грбот. Од шарениот материјал ќе скроите парчиња и ќе ги споите со тиролката на машина за шиење. Од страните ќе ставите копчиња за декорација. Тиролката е на патент и одлична е за носење со сукња или кратки панталони.
Драги читатели сега е вашиот ред да пробате и да уживате во некоја нова идеја и декорација за ваша разонода и задоволство.
Рубриката НАПРАВИ САМ ви ја подготви Каролина Ристеска






Најголемиот македонски автомобилски парк во Канада.
Јавете во COMSTOCK кај Панде и Марко Јадилебовски

**Pearl White**

Dental Hygiene Clinic

Your Dental Hygienist:
Atina Gorgiev RDH

Accepting all insurances, including CDCP

pearlwhitedentalhygieneclinic@gmail.com

(416)-817-7650

301-4430 Bathurst St.
North York, ON. M3H 3S3




UNITED BROTHERHOOD OF CARPENTERS AND JOINERS OF AMERICA
LABOR OMNIA VINCIT
CARPENTERS
& ALLIED WORKERS
LOCAL 27
Happy
Thanksgiving!
222 Rowntree Dairy Road | Woodbridge, ON L4L 9T2 | T: 905-652-4140 | www.ubc27.ca
@carpenters27

# OLD MILL PASTRY & DELI




**WELCOME TO OLD MILL PASTRY And DELI**

*Freshly Baked Bread and Pastries*

*Old Mill Cafe is an Eastern European coffee shop*

*We serve freshly brewed coffee, balkan-style hot meals and delicious desserts*

Contact Address:

385 The West Mall, Etobicoke, ON M9C 1E7, Canada

Contact Info:

416.551.1779 / 416.519.0064
Email: info@oldmillpastry.ca

Working Hours:

Tuesday to Sunday 8:00AM - 8:00PM
Monday - CLOSED

